**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 октомври 2005 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Голомеев, Лилјана Поповска, Неждет Мустафа, Есад Рахиќ, Ванчо Ѓоргиев, Рафет Муминовиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Рафис Алити, Хусеинџевад Хусеини, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски и Слободан Чашуле ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да ме известат колку пратеници се потпишале.

Бидејќи до овој момент се потпишани 45 пратеници, тоа значи дека ние реално немаме 61 пратеник, а треба да пристапиме кон усвојување на дневниот ред и дополнување на дневниот ред со гласање, објавувам пауза од половина час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,30 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието на Република Македонија и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од Деведесет и четвртата и Сто и осмата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците?

Нема.

Констатирам дека записниците од Деведесет и четвртата и Сто и осмата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Пратениците Каролина Ристова, Ана Андова, Весна Борозан, Томе Тромбев, Иван Стоиљковиќ, Нелко Стојановски, Слободан Чашуле, Ганка Самоиловска - Цветанова, Сашко Кедев, Зоран Крстевски, Јусуф Арифи, Семијал Хасани, претдлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Молам еден од пратеници да ја образложи итната и неодложна потреба на Одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор, претпоставувам, бидејќи е прва на списокот Каролина Ристова. Повелете.

**Каролина Ристова:** Оваа Предлог - одлука за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија се предлага од групата пратеници што ги спомнавте, а што, со исклучок на еден пратеник, го претставува составот на Комисијата за европски прашања и согласно нејзините ингеренции да дава предлози во правец на подобрување на институционалниот капацитет на Собранието во евроинтеграциите. Ние тоа го правиме со оваа одлука.

Сугестијата за итноста и неодложноста беше, овие реформи кои во рамките на тренинг проектот беа идентификувани и да започне што е можно побрзо, а во случај на оваа одлука на првата наредна седница, а таа прва наредна седница е оваа. Затоа ве молам вас и колегите пратеници да ја поддржите оваа Предлог-одлука да биде ставена на дневниот ред на седницата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 67 гласале за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Предлагам, заради комплетирање на Советот на Народната банка на Република Македонија, дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за именување на член на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Предлогот ви е доставен и го ставам на гласање.

Тоа е предлогот од Претседателот на Републиката.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 68 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија; Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија; Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот,членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на

изборите и именувањата на Република Македонија; Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка; Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев-Јасмин" и Предлогот на одлуката за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на "Експорт-Импорт" банка врз Буџетот на Република Македонија.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба, овие предлози на одлуки да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Почитуван господин претседател, за денешната Сто и деветта седнциа на Собранието на Република Македонија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлага дневениот ред да се дополни уште со нови шест точки што самите вие ги прочитавте.

Првите пет точки се однесуваат на континуираната активност на Комисијата околу комплетирањето на работните тела и парламентарните делегаации, додека шестата точка се однесува на Предлог-одлуката за Анкетната комисија за избор на претседател и членови на испитувањето на причините и последиците од стечајнот во "Експорт-Импорт" банката, врз Буџетот на Република Македонија.

Основната и итна потреба произлегува од наведените причини, а е заснована на одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Одиме одлука по одлука.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 67 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија да биде разгледан, да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни повеќе од 70 пратеника.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија да биде разгледан, да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеници, 60 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на Одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни повеќе од 61 пратеника.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев - Јасмин"да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на "Експорт-Импорт" банка врз Буџетот на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 66 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратениците Нелко Стојановски, Весна Борозан, Јани Макрадули и Чедомир Краљевски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон.

Предлогот ви е поделен. Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба овој закон да биде разгледан на оваа седница.

Дали по логиката на првиот прочитан, повелете господине Нелко Стојановски, имате збор.

**Нелко Стојановски:** Најкусо би кажал дека уште од 90-тите години на минатиот век до денеска, приемот на наставници и на соработници на Универзитетот беше редуциран на многу ниско рамниште, што остави сериозни последици во инсуфициенција на наставен и квалитетен доволен кадар. Во таа смисла, уште ако знаеме дека за да се формира наставен кадар треба поголем број на години, 10-тина да речеме, а еден број од нив рано се пензионираат, на високообразовните институции ќе се јави сериозен проблем.

Во таа смисла предлагаме да се донесе овој закон, за до некаде да се санира таквата состојба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците овој закон да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 43 за, 1 воздржан, 15 против.

Во салата се присутни повеќе од 78 пратеника.

Констатирам дека Предлогот на пратениците е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:
1. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

2. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Охрид;

3. Предлог за именување на член на Советот на Народната банка на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;

7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

8. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџи Василев - Јасмин";

9. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-Импорт банка врз Буџетот на Република Македонија;

10. Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на основните судови во Берово, Велес, Виница, Гевгелија, Кавадарци, Кичево, Неготино, Прилеп, Радовиш, Ресен и Скопје ИИ - Скопје;

11. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје И - Скопје и Струмица;

12. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;

13. Предлог за донесување на закон за надворешни работи;

14. Предлог за донесување на закон за задолжително осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за безбедност во железничкиот сообраќај;

16. Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за железнички сообраќај и транспорт;

17. Предлог за донесување на закон за странците;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон;

20. Барање за давање автентично толкување на член 13 став 2 и член 22 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, поднесено од пратеникот Марија Којзеклиска;

21. Предлог на декларација за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 74 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали некој од пратениците има предлог за промена на редоследот?

Господине Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе,

Јас немам предлог за промена на редоследот.

**Љупчо Јордановски:** Ако немате предлог, во тој случај, ништо.

**Стојан Андов:** Имам процедурална забелешка.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, да видам што е процедурата прекршена.

**Стојан Андов:** Процедурата не е прекршена, туку не е исполнета.

Минатиот пат се договоривме дека Владата ќе дојде со информација за состојбите и настаните околу нашето приближување кон НАТО. Премиерот рече дека ќе бара или итна седница или на прва наредна седница ќе достави информација. Дали достави премиерот информација и дали заради тоа што не доставил, не е во дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојан Андов, информацијата ја немам, а инаку да беше доставена ќе ви беше поделена, па според тоа не е како точка на дневен ред. Кога ќе биде доставена јас ќе свикам итна седница веднаш. Според тоа, тоа прашање јас можам да го упатам до премиерот.

Бидејќи, нема други пратеници кои евентуално би предложиле некоја промена на редоследот, дневниот ред кој што е усвоен по тој редослед ќе работиме.

**Минуваме на точка 1-Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Ајет Мехмети да биде разрешен од функцијата судија во Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 72 за,1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Ајет Мехмети е разрешен од функцијата судија во Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување услови за пензионирање.

Една работа не ми е јасна, зошто овде зборуваме за разрешување, тоа е престанок на функција поради исполнување на старосна пензија. Дали е така?

**Ленче Софрониевска:** Формулацијата во Уставот е таква. Сега со предвидените измени ќе се промени и тој дел.

**Љупчо Јордановски:** Малку е непријатно да читам дека е разрешен, па на крај да констатираме дека е поради пензија. Добро, ние можеме некогаш да бидеме и пред Уставот.

**Минуваме на точка 2-Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Охрид**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господине Караџоски, повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе,

Сега, кога сте кај овој предлог да се разреши господинот Димитрија Цобовски од судија во Основниот суд во Охрид, мора да кажам, почитуван претседателе, почитувани колеги, дека токму со ваквите предлози кои што ни ги достави Републичкиот судски совет конкретно за овој случај, ако некој имал дилема дека овој орган навистина повеќе и не треба да постои како РСС, сега со ова го потврдува тоа. Јас искрено се надевам дека во брзо време, со усвојувањето на уставните амандмани повеќе и ќе немаме РСС ваков каков што ни е, а се надевам дека ќе добиеме еден многу покомпетентен орган кој што навистина праведно и доследно ќе ги проценува оние факти кои што треба да ги гледа.

Кај конкретниот предлог, кај господинот Димитрија Цобовски, мора да признам дека поштуро и попразно образложение од страна на РСС досега не сум видел за ниту еден разрешен судија, освен за оние што одат во пензија, со оглед на тоа што таква е уставната одредба. Да се констатира дека човекот согласно Уставот подолг период нестручно и несовесно постапувал во вршењето на судската функција, како единствен аргумент за да биде разрешен, а за како единствена слабост од она што може да се види се зема еден одреден предмет под број К.бр.159/2000 каде што обвинет бил Дилавер Бојку, на јавноста доста познат и уште двајца други покрај него и да се земе за здраво за готово како една од најголемите вини односно причини за разрешување на конкретниот судија е тоа што според мислењето на РСС судијата Димитрија Цобовски не ја изготвил во законски предвидениот рок пресудата, туку поминале 11 месеци и 6 дена. И сега тука РСС ни цитира закон дека пресудите треба да бидат донесени во рок од 15 дена итн. како што законот предвидел и тоа да се земе како една од главните причини за разрешување на овој судија.

Понатаму, РСС прави катастрофални грешки во своето образложение, каде што објаснува дека и во другите предмети судијата не се ангажирал доволно, иако според бројот на предметите што биле во негова работа имал можност да заврши и многу поголем број предмети.

Почитувани колеги, ако ваквото образложение го земеме здраво за готово и го применуваме кај

секој судија во Република Македонија, ве уверувам дека нема да остане ниту еден судија на работа. Значи, ако тргнеме ова што сега РСС ни го доставува за конкретниот случај, тоа е така.

Тогаш, ајде да се запрашаме колку судии во Република Македонија изготвиле пресуда во законски предвидениот рок. Колку од нив можеле многу повеќе да се ангажираат итн. Или, ајде да се запрашаме вака, зошто ги правиме реформите во судството, зошто ни се потребни уставните амандмани ако не сме констатирале дека работата во судството ни е неефикасна и тоа како една од причините е токму огромниот број на работа, огромниот број на предмети. И некој таму констатирал неефикасност на комплетното судство. Ајде да прашаме и вака, колку е пак ефикасен РСС. Колку е ефикасен кога за еде оглас чекаме по една година да се изјасни или чекаме по 6 месеци овде да добиеме предлог итн. Зошто и тие во законски рок не ги доставуваат овде предлозите или се мислиме за еден предлог по 3 пати еден ист кандидат ни доставуваат, иако Собранието не го бира.

Забелешка имам од суштинска природа. Во конкретниот предмет РСС се повикува на постапката која ја водела таа Комисија при РСС, на мислењето на Врховниот суд итн, кое е идентично, како што е идентично и мислењето на РСС. Меѓутоа, почитувани колеги, конкретно до мене, а веројатно и до сите пратеници е доставено изјаснување од дотичниот судија, во кое изјаснување има наведени податоци, за кои што тој смета дека тоа би била некаква негова одбрана. Мене ме чуди што во многу конкретни факти, конкретниот судија наведува една одбрана која е поткрепена и со факти, но и со докази. За конкретниот предмет за кој што се тврди дека не ја изготвил пресудата во рок од 11 месеци и 6 дена, тој истиот тврди дека тоа не е точно, дека пресудата била изготвена, но не била експедитирана, што е различна работа. А, за тоа дури посочува и сведоци, кои јас овде не сакам да ги цитирам, затоа што многу добро ја знае таа состојба и претседателот на РСС.

Мојата дилема е како РСС воопшто утврдил фактичка состојба и зошто воопшто не се произнел со две реченици, макар тука и претседателката на РСС да кажеше малку подетални објаснувања. Или, ако не беше случај или а не стануваше збор за Дилавер Бојку, можеби и немаше да има еден ваков предмет, можеби затоа што првата пресуда била ослободителна на овој судија за конкретното лице, па треба некој да му се одмазди на некој начин. Сите забораваме дека кога зборуваме за реформи во судството дека судиите се под политички притисоци, по разни притисоци од јавното мнение итн. Дали не сме свесни дека во моментот кога ова лице беше приведувано и судено имаше огромен притисок во јавноста. Дека и тој дотичниот судија имал сигурно огромен притисок, за кое што нешто зборува и во самото свое изјаснување. Дали бил моментот кога треба сите да се запрашаме каква е безбедноста на самите судии во едни вакви предмети кога се судат тешки криминалци, која е нивната безбедност и кој им ја гарантира. Дали токму во секое време може и треба да се почитува тој законски рок од 15 дена кога знаеме дека никој не го почитува во случаи кога можеби и директно животот ви е загрозен.

На крајот на краиштата можеби некој намерно му го насрочил и ред други работи, да не отвораме сега овде пандорина кутија. Но, мене ме чуди, дозволете ќе прочитам неколку работи кои што се наведен во самото изјаснување на предметниот судија и една конкретна лепеза на податоци, за што мислам дека РСС треба да ги знае и веројатно ги знае. Овде пред мене, почитувани колеги, имам евиденција за работата на претседателот и судиите за цела 2001, 2002, 2003 и 2004 година. Значи, целиот состав на Основниот суд во Охрид, составен од 20 судии каде што имаме една јасна евиденција во која што се гледа кој колку предмети имал, кој колку насрочил, кој колку решил итн. Бидејќи РСС во своето образложение како причина за разрешување зема дека овој судија, конкретниот судија можел многу повеќе да се ангажира, јас би сакал претседателката да ми одговори што подразбира под тоа повеќе. А, јас тоа ќе го прикажам со конкретни бројки.

Во 2001 година, само да потсетам дека предметниот судија односно конкретното лице работел на кривични предмети. Значи, во 2001 година во кривични предмети во Основниот суд во Охрид насрочени предмети имало вкупно 715 поделени на 6 судии. Другите суделе граѓански предмети итн. Од тие 6 судии на Димитрија Цобовски судија на Основен суд кој сега сес предлага да биде разрешен насрочил 303 предмети. Малку повеќе имала Елисавета Дерабалиева со 333 предмети, а и таа е исто така разрешена. За споредба, останатите судии имале 27,32 Сузана Тановска само 1 итн. Е, сега од 303 предмети насрочени, вкупно овој судија решил 97 предмети, 74 со пресуда, 23 на друг начин, 11 решени за малолетници итн. Од овој вкупен број што го кажав, укинати биле само 8.Колкав е процентот после ќе ви кажам, а може да ми помогне и претседателот на Собранието, затоа што тој ги знае процентите и ги вади веднаш. Тоа е за 2001 година

Во 2002 година вкупно насрочени кривични предмети во Основниот суд во Охрид има 894, 434 предмети припаѓаат на Димитрија Цобовски. Тоа е повеќе од 50%. Прашањето што го поставив сега ќе го повторам, би сакал претседателката на РСС да ми каже што подрабира под-можел многу повеќе. Веројатно да ги земе сите 894 да ги решава тој, а сите останати судии да седат и да уживаат. За споредба бројот на насрочени предмети пораснал и кај другите судии, како на пример Милка Таневска која има 102, Радица Ристевска која има 172 и Весна Кичеец која има 180, но ниту една или сите три да ги соберете

заедно не може да го достасаат бројот од 434 предмети. Сега, од 434 предмети насрочени вкупно конкретниот судија решил 99, 71 со пресуда, 28 на друг начин, 34 се малолетнички предмети и од целиот овој број само 6 биле укинати од страна на повисокиот суд, значи по жалби. Колкав е процентот на успешно решавање, ќе ви кажам подоцна.

Во 2003 година, исто така највисока бројка или можеби една од највисоките, покрај Весна Кичеец, господинот Цобоски иамл 438 насрочени предмети, 83 решени, вкупно 69 со пресуда, 14 на друг начин, само 9 укинати. Во 2004 година 444 повторно најголем број насрочени предмети, 85 решени, 75 со пресуда и 10 на друг начин, укинати 10. Таква е состојбата и во 2005 година. Сега, ќе се потрудам да го исцитирам конкретниот господин Цобовски кој во своето образложение односно изјава која ја доставил до РСС се обидува да ја објасни фактичката состојба, која очигледно никој не ја гледал во тој Совет. Тој вели вака: "Во текот на 2000-та година од вкупниот број на обжалени предмети од страна на Апелационият суд во Битола се донесени пресуди, одлуки со кои 74,42% од обжалените предмети се потврдени, значи станува збор за конкретниот судија, овој кој сега треба да го разрешиме. 6,98% се преправени, а 18,6% се укинати. Во 2001 година од вкупниот број обжалени пресуди, Апелациониот суд му потврдил 85% предмети, укинал 7,5% и преиначил 7,5%. Во 2002 година од вкупниот број обжалени предмети Апелациониот суд потврдил 81,6% предмети, укинал 13,2, преиначил 5,2% предмети. Во 2003 година од вкупниот број обжалени предмети 75% потврдил, укинал 25%, а преиначени немало. Во 2004 година потврдени се 75,7%, обжалени 16,2%, преиначени 8,1%. Треба да се напомене дека процентот на преиначените предмети е многу поблизок до потврдените предмети. Овие показатели за мојата работа за конкретниот судија во последните 5 години јасно зборуваат за мојот квалитет односно мојата нестручност и истите претставуваат највисоки проценти во Основниот суд Охрид". Сигурно дека ваквата состојба ја знае РСС или ако не ја знае, би требало да ја знае.

Ќе се задржам уште на една проблематика.

Конкретниот господин Цомоски во своето образложение, својата изјава се задржува на една проблематика која ние како пратеници нависитна треба да ја отвориме, треба да ја продискутираме, но Републичкиот судски совет треба да се замисли кога предлага некого да разреши. Значи, со едни вакви аргументи кои што ни ги дава тогаш треба да се отвори рпашањето зошто не ги разрешува другите кои што најверователно заслужуваат. Јас повотрно ќе го цитирам она што е овде напишано. "Ме зачудува фактот за работната група која била во посета во Основниот суд во Охрид и се интересирала само за моето работење, а без да се заинтересира за постапувањето на останатите судии за другите предмети, иако во месечните и годишнит еизвештаи постои Извештај за состојбата на тие предемети. Не ми е јасно и самио тне можам да си објаснам дали е поголема грешка она за кое јас се теретам односно дека сум ги решавал предметите на основ за донесување од појавата да по определени предмети во Основниот суд во Охрид воопшто не биле закажувани расправи во подолг период од 3 и повеќе години". Значи, прашање до претседателот на РСС дали овде не е повреден Законот. Сигурно дека во тие извештаи кои што РСС ги добива од судиите ги знаат кои се тие судии кои што толку години немаат рочиште за кое што сега ние си ја траскаме главата и сакаме да го направиме Уставот икако да ги направиме реформите за да биде поефикасно и така натака.

Потоа, има предмети и состојби за непостапување на предмети. Пазете, сега има предмети за непостапување во кој што предмет бил обезбедување на доказ, а по истите да не било постапено повеќе од 3 или 4 години, исто така во Основниот суд во Охрид.

Случаи со притвор, малолетнички притвор, исто така наведен овде и т.н., не би го читал сето ова, го знаете претседателот на Републичкиот судски совет, но повторно би гокажал следното.

Дали ова изјаснување, овие аргументи кои што ги наведува конкретниот судија, господинот Цомовски, овие евиденциони листи кои што јас ги добив како пратеник, веројатно ги има и Републичкиот судски совет, а сигурно постојат и во Основниот суд во Охрид воопшто ги разгледал Републичкиот судски совет, по однос на таквото мислење поради која е причината за разрешување и дали воопшто е разгледана комплетната фактичка состојба кога се разрешува еден судија врз основа само на една мана која овде може да му се најде, која можеби навистина е така согласно Законот, треба да се спореди и да се види дали во конкретниот случај имало оправдани околности за тоа така да се направи. Дали затаила работата кај конкретниот судија, дали тој изготвил пресуда или затаило дел во експедитирањето на пресудата и ако има задоцнување кои биле причините и т.н. и т.н. Дали целиот овој висок процент на добиени односно потврдени пресуди, висок процент на срочени предмети не укажуваат дека станува збор за квалитетен судија и дали треба ние од судството да се ослободување од квалитетни судии заради некакви, можеби и политички, можеби и физички причини кај одредени членови на Републичкиот судски совет кога станува збор за одредени конкретни судии, па и за овој случај.

Значи, се на се мислам дека согласно сите овие аргументи кои што се обидов да ви ги укажам, она што јас го имам добиено, сигурно дека има и многу повеќе за кое што најверователно и во делот на фактичката состојба и во делот на она што значи одбрана од страна на конкретното лице кое се предлага да биде разрешено според мене очигледно станува збор за неоснован предмет.

Заради тоа еве каде се потврдува почитувани колеги дека сеуште Република Македонија не е созреана да препушти на еден орган кој што може вака да разрешува судија, а уште покатастрофално и да ги предлага и заради тоа барем во овој момент сеуште е подобро да има некоја контрола односно надзор од страна на пратениците на Собраниеот на Република Македонија. Ако ништо друго барем да ги отвориме оние проблеми за кои што некој сака д амолчи.

Сметам дека е ова потполно неоснован предлог и бидејки предлогот на Републичкиот судски совет кога дошол со констатација овој судија да биде разрешен ние можеме да го спречими како што во неколку наврати тоа сме го нарпавиле овде во Парламентот, како што во многу наврати сме му ги вратиле предлозите што ги дава за судии и т.н. за да ја спречиме оваа неправда која што очигледно е нерпавда конкретно за едно лице. Да водиме сметака дека станува збор за млад човек, да водиме сметка дека човекот, судијата се ангажирал можеби многу повеќе од неговит еколеги цо онаа средина каде што работел и дека со нашето стегање овде за разрешување на некој начин кирекно му ја кроиме судбината на почитуваниот судија и господин.

Заради тоа ве повикувам почитувани колеги овој предлог да не го подржиме односно да гласаме против и да ја задоволиме правдата.

**Љупчо Јордановски:** Ова беше силно правно, како да сем на суд, а ние дискутираме.

Господине Стојаноски, повелете имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јордановски.

Јас навистина жалам што мораме да дискутираме за разрешување на судии кои што се разрешуваат со образложение дека Републичкиот судски совет има индиции дека во многу предмети, една реченица стои "во многу предмети во последните 5 години судењето не било завршено во разумен рок". Меѓутоа, тоа не е основната причина.

Јас сметам дека разрешувањето на секој судија, вклучувајки го и овој случај на разрешување на судии треба да се гледа од контекс на залагањата кои што се однесуваат на независност на судството како крајна цел која треба да се реализира и дека реформите кои се спроведуваат со уставните измени и со другите закони кои се однесуваат на областа на судството. Факт е дека овој судија се разрешува затоа што власта, политиката во Република Македонија сака на некого да ја префрли одговорноста за лошите состојби во судството во Република Македонија и како жртва се нашол конкретниот судија од Охридскуит суд кој што по некоја случајност го добил предметот за Дилавер Бојку, кој што пак по некоја случајност велгол во некои црни листи и на тој начин тоа претставува сосема доволно и за Републичкиот судски совет и за Врховниот суд, кој што, како што стои во образложението едногласно, јас не знам каде сеуште има едногласно гласање, меѓутоа со вакви аргументи, кои што се наведени тука, до колку Врховниот суд едногласно дал мислење дека постојат основи за разрешување на дотичниот судија дефинитивно тоа значи дека не можеме да зборуваме за вистинска волја на судиите кои што одлучуваат, туку за страв да не им се случи и на нив она што му се случува на овој судија.

Ако целта преку разрешувањето на овој судија е да се испрати порака до останатите судии и да се дисциплинираат и на тој начин да може политиката, ушт еповеќе по силно да дава насоки за донесување на одлукионака како што има интерес од одреденис труктури, независно дали се тоа политички или други партнери кои што дирекно сакаат да остваруваат контрола над судството тоа дефинитивно значи само едно, дека и Врховниот суд и Републичкиот судски совет се ставаат во функција на нарушување на независноста на судството, наместо обратно да бидат во функција на заштита на независноста на секој субјект.

Ова што гокажав претходно сакам да го поткрепам со образложението кое што го добивме од страна на Републичкиот судски совет, кој што наведува дека поради постоење на индиции во стручното и совесносто постапување на судијата во вршењето на судиската функција ја повел оваа постапка за разрешување, и тоа уште во март месец оваа година.

Со цел да ги испита релевантните факти како што е наведено тука, за оценвување на стручноста и совесноста во вршењето на судиската функција извршен е увид во работата и постапувањето на судијата Димитрија Цуловски во предметни КБ 159/2000, како и во неговот целокупно работење. Јас не знам зошто разрешувањето на судијата се врзува за еден предмет, а не во контекс на целокупното работење на судијата и во контекс на споредбата со целокупното работење на останатите судии, затоа што смао на тој начин ние можеме да зборуваме дека еден судија работи неуспешно. Тоа е оценето врз основа на критериуми кои што важат за оценувањето на сите останати судии и на таков начин можеме да зборуваме за релевантна вистинска постапка за оценување на стручноста и за совесноста на било кој судија на било кој суд. Во таков случај сметам дека и Републичкиот судски совет имал и морално право и право ккао ингиренции кои што ги поседува согласно неговата надлежност во областа на судството да даде еден комплетен приказ за успешноста во работата на судот , на судиите во судот во однос на потврдувањето на нивните предмети кои што ги суделе од страна на повисоките судски инстанци, во однсо на тежината на предметите кои што ги суделе, како и во однос на "воопшто стручноста и совесноста на постапувањето на судиите". Меѓутоа, факт е овде дека ние овде во Парламентот обично за разрешување на судија зборуваме само од аспект на еден предмет, а тој конкретен предмет по дефиниција е поврзан со одредени политички

состојби во државата и на тој начин владеачките партии, структури на власта во целина сака да покаже дека судот е тој кој што е виновен за одредена сосотјба, а ние водиме борба против трговијата со луѓе, ние водиме борба против организираниот криминал, ние се бориме против корупцијата, а од друга страна се случуваат ситуации во кои што оценките за состојбите во таа област во Република Македонија се многу лоши. Значи, немаме краен резултат.

Ако целта ни е да имаме краен резултат во областа на судството кое што треба да произлезе со разрешувањето на овој судија јас се согласувам и со Републичкиот судски совет да го разрешиме овој судија, меѓутоа тоа да значи квалитет во постапувањето на Охридскиот суд.

Ние што правиме? Со разрешувањето на овој судија кој што податоците кои што ги слушнав работел повеќе од една третина од вкупните кривични предмети на целиот суд, има некаде 85%,од 70 до 85% потврдени предмети, ние кажуваме дека со неговото разрешување ги подобруваме состојбите во Охридскито суд, што не е точно. Јас не можам да се согласам дека со ова разрешување вие правите чекор напред во подобрување на состојбите во Охридскиот суд, а не се согласувам и со аргументите кои што се наведени тука, ако можат така да се наречат, затоа што не може да биде аргумент реченицата која што е наведена тука дека судијата Димитрија Цомовски подолг временски период во разумен рок не донесувал пресуди. Тоа е образложението кое што го дава Републичкиот судски совет и врз основа на тоа ние треба да го разрешиме овој судија. Ако е така тогаш колку судии треба да се разрешат за прекршочните предмети. Сакате ли да ви дадам податоци колку прекршочни предмети сотјат застарени или се застарени или од тука да правиме анализа колку средства има изгубено Буџетот на Република Македонија, средства кои што треба директно или индиректно да бидат насочени повторно во судовите кои што мака мачат со просторни и со други услови за работа. Значи, ако сакаме Републичкиот судски совет да направи чекор кон подобрување на состојбите во судството,а разрешувањето на судијата треба да биде еден од тие начини тогаш сметам дека овој случај и овој судија треба да биде ден од тие, што апсолутно не држи место.

Понатаму, Републичкиот судски совет наведува дека од увидот по предметот е констатирано дкеа судијата Димитрија Цомовски како претседател на Судскиот совет постапувал спротивно на одредбите на член 347 од Законот за кривична постапка, бидејќи пресудата со која обвинетите се ослободени од обвинение по горецитиранио тпредмет, која по завршувањето на главниот претрес ја објавил, ова го кажувам заради јавноста за да не се мисли дека судијата чекал 11 месеци за да ја донесе пресудата, тој ја објавил усно по завршувањето на главниот претрес, а проблемот е во експедирањето. Значи доенсена пресуда,с е знае каква е пресудата, заради времетраењето на експедирањето носи како резултат предмет за разрешување на овој судија. Ова е нешто што ако се применув акон сите судии и во сите судови во Република Македонија сметам дека ние ќе останем без голем дел судии во Република Македонија. Меѓутоа пак да се вратам на почетокот, мене ми е соема јасно дека разрешувањето на овој судија не претставува ништо друго туку миење на рацете на власта заради сотуацијата во македонското судство кој што не успеа да го аргументир аид а го нарпави како што треба, а беше толку медиумски експлоатиран и на тој начин се сведе како единствен случај кој се однесува на борбата против трговија со бело робје, а од друга страна осценките се дека таа трговија и ден денес ја има во Република Македонија.

Во однос на бројката, бидејки се работи само за експедирањето во еден конкретен случај треба да се најде и друг аргумент кој што треба да го оправда разрешувањето на овој судија, бидејки сепак тоа оди на Паралмент, на Парламент ќе се појават пратеници кои што како мене ќе зборуваат во контекс на самата потреба и аргументираноста на предлогот на овој судија и затоа Републичкиот судски совет преку Комисија се обидел да направи увид во работењето кое што ќе значи дополнителна аргументација за разрешувањето кое што претходно боло поставено како цел. Затоа Републичкиот судски совет вели дека разгледувајки го целокупното работење единствено што нашол вели дека овој судија во периодот од 2000 до 2005 година во голем број кривични предмети постапката ја водел спротивно на Законот за кривична постапка.

Господа пратеници, вие треба да гласате со образложение дека овој судија во голм број предмети од 2000 до 2005 година ја водел постапката спротивно на одредбите од Законот за кривична постапка. Кои се тие предмети, колку се тие предмети, каде е спротивноста на водењето на постапката со Законот за кривична постапка, дали се работи за преткривична постапка, дали се работи за постапка по однос на кривичната одговорност во однос на малолетни лица, дали се работи за други постапки кои што дефинитивно ќе утврдат дека севкупното работење на овој судија е такво да тој заслужува да биде разрешен. Нема аргументи, затоа стои и ваквата реченица во образложението на Републичкиот судски совет.

Понатаму, уште еден аргумент кој што го наведува Републичкиот судски совет.

Од приемот на предметот и предавањето на предметот на судијата до закажување на главен претрес минувал период подолг од законски предвиденит ерокови. Судијата во 2004 година имал околу 500 предмети. 500 кривични предмети кои што знаеме дека се многу потешки од прекршочните кои што ги имаат другите или граѓански предмети кои се однесвуаат на спорови од помало значење. Меѓутоа во услови кога вие во текот на една година скор секој ден имате по два предмети да решавате затоа што ако се

работи секој ден во годината, таа има 365 дена, а судијата имал 450 предмети, секој ден буквално требало да решава по еден предмет, а вие велите дека тој судија не работел експедитивно, не ги донесувал пресудите во разумен рок и постапката ја пролонгирал. Јас не можам нависитна да ги разберам овие аргументи на Републичкиот судски совет и она што вели до првото закажување на главниот претрес од неговата страна минувал период подолг од законски предвидените рокови. Човекот сам максимално да работел 24 часа, зборувам за одржување на претреси, зборуваме за испитување на сведоци, зборуваме за изречување на одлуки, утврдување на ситуацијата во предметот на законските основи кои што треба да се пименат по одлучувањето на предметот значи награда на целокупниот ангажман на овој судија е неговото разрешување.

Ако тоа претставува начин на кој што ќе се мотивираат судиите и ќе им се даде можност да работат согласно Уставот и законите на Република Македонија и ако тоа претставува еден чекор кон обезбедување на гаранции за нивната независност, тогаш јас не можам да кажам ништо друго освен дека и овие реформи кои следат не знам како ќе завршат.

Инаку, за соредба, еве еден ваков случај кој имал и многу потешки последици, а кој што се случувал во државата Њу Јорк во Америка. Таму судијата Лорин Дукман ја намалил гаранцијата за пуштање на слобода на еден човек, кој што бил обвинет за тепање на силувана девојка. Кога тој излегол од притвор, ја убил девојката а потоа се самоубил. Овој случај бил повод гувернерот на државата Њу Јорк, на прес конференција да изјави дека судијата не е подобна за вршење на судиската функција. Но, по барање за разрешување на судијата, Државната комисија за професионално однесување на судиите се изјаснила со констатација дека комисијата не е формирана за да го разгледува исходот од одлуките на судиите.

Ова значи заштита на независноста во одлучувањето на судиите и треба да се земе како пример кој што треба да се однесува и на овој случај. Инаку, заради ваша информација во САД, за разлика од кај нас каде што. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Блаже Стојановски, добро го прочитавте тоа, вие не сте овде да водите судски спор и да браните некого.

Ве молам дискутирајте по одлуката и немојте да давате примери од надвор.

**Блаже Стојаноски:** Зборувам за одлуката и правам споредба каде за што не се разрешил судија, а кај нас за што се разрешува.

**Љупчо Јордановски:** Затоа имаме уставни амандмани и таму ќе дискутираме во врска со овие ваши констатирани проблеми. Затоа, ве молам, дискутирајте за одлуката.

**Блаже Стојаноски:** Значи, во контекст на оваа одлука, сигурно дека претставува еден чекор напред кон потребата од уставни амандмани за реформи во судството, затоа што дефакто се гледа политичкото влијание во донесувањето на ваков предлог и согласно тоа, сметам дека она што е наведено овде не претставува ништо друго, туку само еден напор на РСС да изнајде некаква аргументација за да се разреши овој судија, за кој што има добиено политички налог од некои политички центри.

Од овие причини, сметам дека не само што нема да го поддржам ова, меѓутоа, со поддржувањето на разрешувањето и со вакви наведени причини дефинитивно дава до знаење дека РСС нема волја за вистински реформи во судството и дека ова претставува чекор назад во однос на целите кои треба да ги оствари Република Македонија во овој правец. Сметам дека ова ќе го разбере и поголемиот дел на пратениците, затоа што овде не се работи за бранење на судија, туку ги браниме сите судии во Република Македонија кои со донесувањето на одлука за вакво разрешување ќе се плашат дали одлуката да ја донесат како што ќе им каже некој претседател на некоја општинска партиска организација или тоа ќе го направат врз основа на Уставот и законите на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојановски.

Никој никого овде не брани, но во секој случај не можете и политички да расправате за нешто за кое и вие самите сметате дека треба да биде надвор од политиката.

**Блаже Стојановски:** Ова беше обично прашање.

**Љупчо Јордановски:** Сами сметате дека судството треба да биде надвор од политиката, а целиот ваш говор беше политички.

За реплика се јави госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Навистина не ми е јасно од дискусијата на претходниот дискутант Блаже Стојановски, доколку во расправата за уставните амандмани се залагаме за ефикасност на судството, не ми е јасен ниту еден од аргументите што беа овде искажани, а јасно кажани образложението за разрешување на судијата, каде што има одолговлекување на пресудата и случај во кој е најпознатиот скандал во Република Македонија за трговија со луѓе Дилавер Бојку, да се стане во одбрана на таков судија мене лично воопшто не ми е јасено и да се квалификува дека ова е политичка хајка, апсолутно смета дека од еден пратеник и политичар е несеериозно, без разлика на која партија припаѓа и дали припаѓа господинот Судија.

Меѓутоа, според образложението на РСС, првобитната пресуда по иницијатива на јавното обвинителство била поништена и донесена осудителна пресуда. Не ми е јасно како колегите пратеници можат да бранат таков случај и тоа образложувајќи дека тоа е во одбрана на сите судии. Па сите судии не се во еден кош, има чесни и нечесни, ефикасни и неефикасни судии. Таков пристап - да, меѓутоа, спомнување на пракса во САД за мене е неспоредливо со нашата

судска пракса. А за уставните амандмани, за реформите во судството ќе дискутираме на тој начин. Ова го сметам за манипулација со политичка хајка против никој судија. Овде маме чист случај, макар и ниеден друг престап да нема господинот судија, сепак, случајот Дилавер Бојку заслужува разрешување на овој судија.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господинот Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Колешке, мене ми е сосема јасно дека ниедна власт така лесно не се откажува од лијанието во судството, затоа што тоа претставува една значајна полуга во нејзиното однесување. Меѓутоа, кога ќе прифатиме дека јавноста преку медиумите, односно политичките партии преку најразлични форми влијаат врз донесувањето на одредени одлуки и воопшто се дискутира околу донесената одлука заради медиумското влијание кое што е направено врз основа на одредена одлука, тогаш ние не зборуваме за законитоста во донесувањето на одлуката, затоа што таа одлука е донесена по завршување на главниот претрес. Ние тука зборуваме за експедирањето. Тоа значи дека требало да биде доставена порано. За доставувањето и пуштањето во достава ние разрешуваме судија. Тоа не значи ништо друго туку порака до останатите судии дека можат да бидат дисциплинирани на овој начин. А кога зборуваме за одговорност и дисциплина на судиите, верувајте. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, заврши една минуата.

Господине Краљевски, повелете, имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам, претседателе.

Почитувам претседател на Републичкиот судски совет, почитувани пратеници,

Пратеничката група на ВМРО- Народна партија, како најголема пратеничка група на страната на опозицијата, дејствува како конструктивна опозиција, ги поддржува предлозите на РСС за избор и разрешување на судии, а кога е против одредени предлози, постапува принципиелно и своето против го образлага. Тоа е разликата помеѓу нас и парламентарното мнозинство, кое во неколку наврати досега има гласано против предлозите на РСС и притоа без да ја удостои македонската јавност и институцијата РСС, со ниту еден збор образложение.

(Претседателот Љупчо Јордановски излезе од салата а со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски).

Денеска, пратеничката група на ВМРО- Народна партија ќе гласа против предлогот на РСС, Димитрија Цобовски - судија на Основниот суд Охрид, да биде разрешен од судија поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Моите колеги Жарко Караџоски и Блаже Стојаноски, дадоа пошироко образложение зошто пратеничката група на ВМРО-НП ќе гласа против предлогот на РСС судијата Димитрија Цобовски да биде разрешен од судиската функција. Јас само ќе се надоврзам на нивните искажувања. Значи, судијата Цобовски се разрешува само затоа што во еден случај пресудата што ја донел и објавил по завршувањето на главниот претрес истата писмо не ја изработил во законскиот рок, и затоа што во одреден број предмети го пречекорил законскиот рок од добивање на предметот во работа до закажувањето на главниот претрес.

Почитувани колеги, верувајте дека ако прашате било кој што има и најмала допирна точка со денешново судство во РМ, ќе ви каже дека тоа не се никакви причини за некој да биде разрешен од судска функција. Ако пак ги прашате судиите, 90% од нив што се искрени и самокритични ќе ви кажат дека од вакви причини сите судии во РМ би требало да бидат разрешени. За ваквата своја би рекол минорна неажурност, судиите имаат и свое оправдување. Со само два дена во неделата одредени за судење, со чекање на ред да се дојде до дактилограф, со неажурна достава и слични проблеми, неажурноста што денес се наведува како причина за разрешување на судијата Цобовски, би била причина за разрешување на целото македонско судство. Верувам дека со реформите што ги правиме и ги очекуваме во судството, најголем дел ако не и сите од овие објективни причини кои предизвикуваат сериозни потешкотии во работењето на судиите ќе отпаднат.

Јас тука би направил мала дигресија и би го запрашал РСС, какви мерки ќе преземе да ги санкционира судиите кои со промената на власта по 15 септември 2002 година станаа полтрони и продолжена рака на извршната власт - која го злоупотреби судството, Јавното обвинителство и полицијата за сопствени политички цели во својата пресметка со политичките конкуренти и неистомисленици - експоненти на претходната власт на ВМРО-ДПМНЕ.

Колегата Флоровски на една од претходните седници го спомна случајот на Драган Даравелски. Имено, против него е поднесено обвинение. Патем речено го обвинуваат затоа што Царината како институција со која тој раководел во одреден период, материјално помагала тешко болни лица да се лечат, ја помагала МПЦ за изградба на храмови, снабдила одреден број општини и институции со патнички моторни возила, кои и денеска им служат на тие општини и институции, ја снабдила Македонската Академија на Науки и уметности со апарат за вршење на ДНК анализи, спонзорирала културни, научни и спортски институции и настани, а се во крајна линија во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Многу тешко паѓа почитувани колеги кога некој не ставил ни жолта банка во својот џеп од парите на институцијата, а останатите се сомневаат во тоа. На таквите неосновни сомнежи видовме како реагираше и самиот премиер кога на последната

седница за доверба на Владата извади паричка од својот џеп, пластично демонстрирајќи дека не земал ни банка од таканаречените зделки во четири очи.

Но, неисе, Драган Даравелски се јавува на надлежниот суд и сите правосудни институции во земјава наведувајќи точна адреса и спремност да дојде на судење, но на судење на кое ќе му бидат гарантирани човековите права, а не без причина да биде притворен и да го носат како мечка со лисици по аеродроми, за некој да се изживува врз неговото човечко достоинство, и пак ќе речам заради политички реваншизам.

Но да се вратам на денешниов предлог на РСС. Судијата Димитрија Цобовски само пред година дена бил единствен кандидат за претседател на Основниот суд Охрид зад која кандидатура по претходно извршениот увид во неговото судско работење целосно застанал Врховниот суд на Република Македонија. Но, од страна на РСС не било уважено мислењето на Врховниот суд на РМ туку за претседател бил предложен а покасно и избран од ова Собрание друг кандидат од страна на РСС.

Се плашам дека во оваа игра за избор на претседател на Основниот суд во Охрид лежат скриените мотиви  од кои резултирал денешниов предлог на РСС. Инаку и на крајот би сакал да напоменам дека судијата Димитрија Цобовски е пред се чесен, скромен и фамилијарен човек кој живее во станот на неговите родители во Охрид со сопругата која е стечаен работник и со две деца кои се на редовни студии. Овие сознанија ги имам добиено од разговор со некои граѓани од Охрид кои го истакнуваат Димитрија Цобовски како еден од најдобрите судии во Основниот суд Охрид, пред се истакнувајќи ја неговата независност во обавувањето на судската функција од разните партиски и други влијанија.

На крајот тоа се само дел, почитувани колеги од аргументите и причините кои ја детрминираат денешната пратеничка волја на пратениците од пратеничката група на ВМРО НП, својот глас да го насочат против предлогот на Републичкиот судски совет, господинот Димитрија Цобовски да биде разрешен од судската функција.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Неколку пати се имаме опоменувано за тоа секогаш да се држиме до темата, но навистина незнам кој за што ќе зборува и се лутите кога ве прекинуваме. Но во моментот кога сакав да ве прекинам преминавте на главната тема.

Би ги замолил следните дискутанти да се придржуваат исклучиво за темата што е предмет на точката на дневен ред.

Процедурално за збор се јави господинот Јордан Михајловски, повелете.

**Јордан Михајловски:** Почитуван потпретседател вашата толерантност и лична култура беа злоупотребени и премногу сте толерантни. Ние зборуваме сега за господинот Даравелски. Ако ја отвораме таа тема мислам дека многу широко отидовме за тоа дека тој ги заменил сите министерства па делел пари, дури бил и министерство за финансии.

Темата не е тоа. Мислам да се држиме за темата. Имаме добри односи со колегата Краљевски, меѓутоа, ова беше партиски маркетинг, измешавме и баби и жаби од случајот за Дилавер Бојку па дојдовме до некои други допирни точки во судството што не се предмет денеска на расправа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски, на укажувањето, јас ја прифаќам забелешката и во право сте.

Повелете господине Апостолов, три минури реплика.

**Петар Апостолов:** Благодарам потпретседателе,

Нема да ми требаат три минути, може 10 секунди. Само би го прашал колегата Краљевски, дали тој лично е убеден во позитивноста она што зборуваше за господинот Даравелски.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Мислам дека нема потреба повеќе да продолжуваме.

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,

Колеги пратеници, претставник на Републичкиот судски совет, би сакала да кажам неколку зоборови околу предлогот што го имаме на дневен ред за разрешување на судија во Основниот суд во Охрид, односно за разрешување на господинот Димитрија Цобовски.

Предлогот неколку пати го прочитав, не можам да се убедам дека во него се содржани реални причини за разрешување на еден судија, кој што во своето работење, ако ги погледнеме месечните и годишните извештаи кои се изготвуваат во судовите зборуваат нешто сосема друго.

РСС бара поради не стручно и несовесно работење да се разреши господинот Цобовски и единствена причина која ја наведува, вели дека пресудата ја објавил, односно кога ја објавил не ја изготвил во законски предвидениот рок, туку многу подоцна и со тоа  направил повреда на Законот за кривична постапка. Инаку, рокот за објавување на пресудата, според Законот за кривична постапка, е 15 дена, меѓутоа, во сложени постапки се прави исклучок и рокот за објава е 60 дена. Тоа е единствената причина која ја разбрав зошто РСС бара разрешување.

Меѓутоа, она што јас не го разбрав е што во предлогот вели дека РСС констатирал дека овој судија во периодот од 2000-та до 2005 година по голем број предмети постапувал и работел спротивно на Законот. Меѓутоа, бројките за кои зборуваше  колегата Караџоски, а тоа се бројки кои стојат во месечните и годишните извештаи, зборуваат дека судијата Цобовски во периодот од 2000 до 2001 година ги работел, односно ги

примал како предмети кои ќе ги суди меѓу 40 и 50% од вкупно примените кривични предмети во Судот во Охрид, ги работел судијата Цобовски, а останатата бројка припаѓала на останатите пет кривични судии во Охрид, односно вкупно се 6. Значи поголемиот дел од предмети ги работел судијата Цобовски и вкупно од сите предмети кои му биле обжалувни, некаде 80%, биле потврдувани од повисоките инстанци. За мене ова зборува не за нестручно и неквалитетно работење, туку за залагање на еден судија и работење со многу внимание, согласно законите и она што значи судска професија.

Многу е паушално да разрешите еден судија кој долги години работи во еден суд поради, како што викате вие нестручно и несовесно постапување, а притоа ниту ние ниту РСС некогаш се изјаснил кои се критериумите за стручно и совесно работење. Дали, ако имате пет или 10% укинати предмети, нестручно и несовесно работите, или ако имате или ако имате 20 или 30% укинати предмети. Значи РСС никгоаш не излегол со одреден став како ги гради критериумите за нестручно и несовесно работење. Дали само постапувањето, пробивањето на рокот во еден исклучително сложен кривичен предмет зборува за нестручно и несовесно работење на еден судија кој, да се потсетиме беше изложен под силен притисок на јавноста, на медиумите и тн. Значи не се работеше за обичен кривичен предмет, туку се работеше за предмет во кој се вмешаа буквално сите институции на државата и тн. Значи силен притисок беше ваквиот предмет. Исклучително беше сложен. Сега останува нејасно дали се работи за ненавремено изготвување на пресудата или исценирање. Јас од образложението на РСС не успеав да разберам за што всушност се работи. Сега поради овој случај РСС и Комисијата која вршела увид, во петгодишното работење на господинот Цобовски извршила увид и констатирале дека во овој период судијата не ја исполнувал ориентационата норма за број на решени предмети. Ве молам, извештаите викаат дека тој скоро 50 од предметите, од кривичните предмети во Охридскиот суд ги работел, од кои процентот на укинати, значи оние кои биле обжалени, бил многу низок. Како тогаш рабтел нестручно. Господинот Цобевски беше кандидат за претседател на судот во Охрид. Врховниот суд даде позитивен пас за изборот на господинот Цобовски, меѓутоа тогаш РСС не го прифати мислењето на Врховниот суд. Како пред една година господинто Цобовски беше многу стручен и солиден, дури да биде и претседател на Охридскиот суд и сега наеднаш е нестручен и несовесен. По кои критериуми, не слушнав од рпетставникот на РСС, по кои критериуми и како РСС ги има изградено критериумите за нестручно и несовесно работење, бидејќи самиот поим нестручно работење и несовесно работење е многу паушален. Ние не слушнавме за колкав број на предмети се работи, колкава е ориентационата норма, колкава е таа бројка на предмети, колку предмети се обжалени, колку се укинати и тн. Од вас да слушневме, па поради тоа вие дојдовте до заклучок дека господинот Цобовски работи нестручно.

Јас повторно ќе се вратам на она што го зборуваат месечните и годишните извештаи. Тие зборуваат сосема спротивно од она што вие сакате да го протнете во предлогот за разрешување на овој судија. Вие никаде не спомнувате број, само викате нестручно и несовесно работел. Колку предмети примил господинот Цобовски, колку решил, колку биле укинати. Како вие изградивте критериуми дека овој судија работел несовесно и неструно.

Јас мислам дека овој предлог сега за разрешување на господинот Цобовски јасно зборува дека треба под итно да се заврши работата со измените во работењето на целиот судски систем односно на РСС, затоа што, опростете, меѓутоа тенденциозни се работите.

Никогаш не сум слушнала ни од РСС, ниту пак од Минситерството за правда, како ресорно министерство, да излезе со еден податок, кои судии, колкава е нивната бројка, да речеме еве ги пробиле роковите за објавување на пресуда, па сега ние да знаеме дали овој господин судија навистина спаѓа во ониесудии кои нестручно работат. Немаме ориентациона бројка. Зошто на пример не излегол РСС и да каже, ако толку проценти укинати пресуди имате и тн., вакви и вакви повреди се направени, ќе се смета дека вие сте нестручни. Меѓутоа ние такви ориентациони бројки немаме, ниту пак слушнав, а очекував да слушнам денеска колкава е таа нестручност и несовесност во работењето на господинот Цобовски, низ бројки, низ конкретни примери. Вие викате дека за пет години тој нестручно и несовесно работел, меѓутоа не излеговте ниту со еден податок да го потврдите тоа, а јас ви тврдам дека се работи за еден исклучително квалитетен судија. Не тоа што јас го тврдам, туку ако ги погледнете и годишните извештаи и месечните извештаи на општинскиот суд во Охрид, во кој и јас работев и кој многу добро ги познава и приликите и сите судии во Охридскиот суд, ќе видите дека тие зборуваат нешто друго, зборуваат за судија кој исклучително се залага во решавањето на предметите и во почитувањето на она што значи закон.

Ако излезевте со конкретни бројки и со конкретни податоци и не убедевте дека навистина овие бројки зборуваат за такво несвесно работење на судијата, тогаш ние ќе дадевме пас, значи се работело за судија кој несвесно работел. Меѓутоа, овде имаме сосема спротивни работи. Од една страна извештаите зборуваат едно, а ве сакате да не убедите, со една паушална оценка, дека ориентационата норма на број на решени предмети не била исполнета, а бројките зборуваат, да речеме од над 700 кривични предмети во текот на годината, преку 300 предмети работел господинто Цобовски, од кои само 8 биле укинати. Тоа е податок само од една година. И не сакам да ги спомнувам сите други

бројки, меѓутоа волгавном се такви, околу 50% од применените предмети оделе на решавање кај господинот Цобовски, а укинатите предмети се 6, 8. Значи минимум. Процентот е многу мал. Затоа не можам да се согласам дека разрешувањето на овој господин судија е поради нестручно и несовесно работење, туку позадината е друга, затоа што тој беше стручен и совесен судија пред една година кога требаше и помина низ Врховниот суд предлогот да биде избран за претседател на Охридскиот суд. Сега наеднаш стана нестручен и несовесен, а тогаш, повторувам, Врховниот суд едногласно потврди, да господинот Цобовски е стручен и совесен да биде претседател на Охридскиот суд.

Не сакам да верувам и да расмизлувам дека се работи за тенденциозен случај на политичко елиминирање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Лалчевска.

Има реплика три минути господинот Никола Камчев.

**Никола Камчев:** Господине потпретседателе јас сакам да реплицирам само во едно мало делче на излагањето на госпоѓа Лалчевска, околу последиците од тоа што една одлука донесена а не објавена, произлегле, за овие 11 месеци откако не е објавена оваа одлука.

Госпоѓата Лалчевска праша многу, а не праша една работа. Сега јас ќе ја прашам неа.

Како би се чувствувала таа, 11 месеци да се продолжи со дејствија, такви какви што осуденикот и работел, ако тоа нешто се однесувало на нејзини блиски, трговија со бело робје и со сите други последици од оваа работа?

Ако се ставиме во таа ситуација, само тие 11 месеци што не е објавена одлуката односно не е извршена судската одлука, последиците од тоа какви би биле, уште еднаш да прашам, ако се однесува за нејзини најблиски?

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Камчев.

Една минута контра реплика за госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Ценет колега, навистина треба да се држите до она што е ваша професија. Вие сте лекар. Ама барем да го прочитавте предлогот за разрешување. Таму стои вака: "По завршување на главниот претрес ја објавил". Значи ја објавил, не ја изготвил во законски рок. Значи нема што тука некој да бил 11 месеци во неизвесност. Пресудата била објавена веднаш по завршувањето на главниот претрес. Дали била изготвена и дали се работи за грешка на судија во изготвување или пречекорување на рокот за исклучително сложена постапка, или грешка во експедирањето, тоа е прашање кое не го расчистивме. Еве РСС не ми помогна да го расчистиме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Лалчевска.

Господине Макрадули имате процедурална забелешка? Повелете.

**Јани Макрадули:** Како координатор на пратеничката група на СДСМ морам да интервенирам за неумесниот коментар на колешката Лалчевска која, каков павник е, не сме тука да цениме и да судиме. Тука ние сме пратеници избрани од граѓаните и тука сите пратеници се рамноправни и веројатно Либералната партија кога ќе дојде на власт, не дај Боже некогаш, сигурно нема да им забранува на пратениците кои се лекари да зборуваат во Собранието. Навредени сме овде сите пратеници и затоа како координатор морам да интервенирам, бидејќи овде сите пратеници ги застапуваат интересите на граѓаните, без разлика каква професија се.

Ние госпоѓа Лалчевска слушаме овде за милион теми, па никогаш не ни паднало на памет да кажуваме која професија е пратеникот.

**Слободан Најдовски:** Господине Макрадули јас не ја прекршив процедурата. Право е на пратеникот да кажува. Ако се државме сите за професијата, седниците ќе ни траеја многу кратко.

Има реплика пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Колешке Лалчевска знаете дека многу ве почитувам, го почитувам и вашето искуство во судот во Охрид. Забелешките дека многу добро ги познавате состојбите во судот во Охрид не ги спорам, меѓутоа овде зборуваме за еден случај од тој суд.

Вие кажавте дека немало критериуми, дека разрешувањето е паушално.

Од она што јас го читам во образложението за Предлогот за разрешување стои дека Комисијата составена од членови на РСС работела според Правилникот за постапката и на членот за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Значи постои Правилник врз кој работи Комисијата на РСС, врз основа на бројките на тој записник. Побарано е и мислење од Врховниот суд на Република Македонија. Вие инсистирате на претходните мислења за наводната кандидатура на господинот. Тоа мене не ми е познато. Меѓутоа кога инсистирате на мислењето на Врховниот суд, овде стои дека Врховниот суд едногласно, многу важна работа, едногласно утврди мислење за постоење на причините за разрешување на судијата. Значи Врховниот суд се изјаснил за основаноста на причините за разрешување. Не знам каде е тука паушалноста, каде е тука политичка хајка. Навистина не знам. Меѓутоа, топчно е и тоа што кажавте дека тоа беше под силен притисок на медиумите. Зарем сметате дека за трговијата со луѓе медиумите треба да молчат? Добро е што медиумски беше силен притисокот. Меѓутоа тука имаше и штета за угледот на Република Македонија, за ослободителна пресуда во трговија со луѓе што после беше сменеата

одлуката врз основа на Јавното обвинителство. Тоа е еден голем страм за судството во Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Една минута контра реплика за пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Многу интересно е како кај нас сите сложени случаи кои се под будно следење на јавноста и треба да бидат под будно следење на јавноста, после тоа судиите кои ќе бидат изложени на силен притисок при решавањето на тие случаи, наеднаш се разрешуваат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор претседателот на РСС, госпоѓата Ленче Софрониевска.

**Ленче Софрониевска:** Почитувани пратеници,

Најнапред сакам да ви кажам, како припадник на судската фела дека на сегашниот Судски совет кој во своите рамки има пет судии, најтешка задача му е кога ќе треба да даде предлог за разрешување на судија.

Сакам да бидете уверени дека овој предмет е многу сериозно работен. Не сакам да се осврнувам на квалификациите што беа дадени за некаква политизација на овој случај од страна на Судскиот совет, бидејќи народот вели "пред аргументите и боговите молчат".

Ова е петнаесетти предлог на овој состав на Судскиот совет кој го дава секогаш со тешко срце, да се разреши еден судија.

Нема да се впуштам ниту во елаборација на одлуката што ја донел Судскиот совет и општата седница на Врховниот суд на Република Македонија. Сакам само да нагласам дека стриктно е работено и само врз основа на одредбите од Законот, како во сите други случаи. Нас Законот не обврзува да постапуваме, по своја иницијатива, или по претставки на граѓани, или по претставки на правни лица и други. Во овој случај е постапувано врз основа на сериозна претставка и точно за предмет кој предизвикал големи реакции во јавноста заради тоа што тоа беше еден од крупните случаи, а не се во мал број. Меѓутоа, повторувам, еден од крупните случаи кои даваат и пред Меѓународната заедница оценки за состојбите во судството во Република Македонија. Значи по претставка од 23.03, РСС формираше комисија за да се спроведе претходна постапка во која се укажува на непостапувањето и несоодветното постапување и несовесно постапување на еден судија во еден случај кој ни ја промени оценката што ни беше дадена, како држава и бевме први во овој регион, во борбата против кривичните дела трговија со луѓе. Ништо друго не било во позадина на отпочнувањето на испитувањето на одговорноста на колегата, освен предметот во кој уште во текот на 2000-та година беа обвинети Дилавер Бојку, Владимир Рубинов, Игор Димовски и Александар Влачевски за кривично дело посредување во вршење на проституција, во врска со член 191 став 1 од Кривичниот закон. Притоа се коснтатираше дека индиции постојат и РСС пристапи кон втората фаза, а тоа е донесување на одлука за поведување постапка за утврдување на одговорност на колегата, бидејќи неспорно, тоа никој не го спори, пресудата шето е донесена, скоро цела година по објавувањето, не е напишана. Ние ги разгледувавме, исто така работите за експедиција на предмет и тн. Меѓутоа, во моментот кога, а при ситуација дека доминуслитис на предмет е само судијата, а не службеници, курири и тн.

Констатиравме дека судијата е одговорен за овој предмет, за непишување 11 месеци и 6 дена, еве да кажеме на пресудата, зашто пресудата има правно дејство тогаш кога таа ќе биде врачена. Не е курирот тој што треба да води сметка за врачување на пресуда. Значи, предметот е тој кој што на Судскиот совет, а со оглед на тоа што се повредени преклузивно утврдени рокови за изготвување на пресуда во Законот за кривична постапка, значи тој предмет е тој кој што бил иницијален акт и пресуден факт за да се изгласа од страна на сите членови на Републичкиот судски совет, предлог за разрешување заради нестручно, односно во случајов, сакам тоа да ви биде познато, несовесно работење на судијата. Не можам да прифатам некој само дискусии, со неправо да се брани право. Не треба да се генерализира целата состојба во судството и да се брани, и да се дава оправдување на непишување на ваква пресуда од страна на колегата, кој што е денеска пред вас предложен од страна на Републичкиот судски совет за разрешување. Бидејќи се утврди, заради тоа што покрај другото, кога ги гледаме претставките согласно Законот за Републички судски совет. Ние сме должни да ја видиме и работата на судијата. И констатиравме дека судијата не секогаш исполнувал норма. Тоа е дополнително нешто, дека судијата давал приоритет на предмети кои требало понатаму да бидат судени. Значи, се давало приоритет. Па, се давало приоритет на безначајни предмети, наместо предмети каде што имало луѓе кои се наоѓале во притвор. И, денес пред Собранието е предлог на РСС кој што е поддржан без ниту еден глас против од 25 судии на Врховниот суд на Република Македонија. И, претворањето малку на оваа пратеничка сала лично го почуствував како судење на органите кои што фактички предлагаат утврдување на одговорност на наш колега, кој свесно не пишувал пресуда една година, која што пак пресуда свесно, бидејќи се работи вистина и јас велам за добар судија, свесно тоа го направил. Предмет кој што ја тресе државата не го пишува 12 месеци, тоа е исто така дискутирано и кај нас, дискутирано е и во Врховниот суд. Ако сметате во крајна линија ова Собрание носи одлука, ние со чиста совест, заради воведување на ажурирање на судовите, на судиите, а свесни какви последици оставаат вакви предмети врз целата држава со чиста совест го дадовме

предлогот пред Собранието. Ваше е вие како ќе одлучите. Ние сметаме дека аргументи има и тоа како. Значи, нарушени преклузивни рокови не треба никој од колегите да го браните од нас. Кај нас политика немаше, а за тоа зборуваат аргументите. Одлуката останува на вас.

Инаку, само во однос на ориентационите норми тие не се различни за Охридскиот суд, за скопските судови, за Ресенскиот суд. Има ориентациони норми за решавање на предмети утврдени на општа седница на Врховен суд и тука не се направени исто така никакви грешки од страна на Судскиот совет. Меѓутоа, не е мое јас сега пред вас да ја елаборирам работата на Судскиот совет. Судскиот совет вие можете да цените дали повредил некоја процедура или не. Ние никаде немаме дадено извештаи, извештаите се обезбедувани по друга линија од страна на пратениците, меѓутоа, пак е тоа ваша работа и тука ние не се мешаме.

Ние, уште еднаш ќе повторам, главно зошто е предложен колегата за разрашување е 11 месеци и 6 дена ненапишана пресуда за ваков предмет, кој што потоа ни го одзеде, барем некој примат што го имавме како судство дека во еден дел сме работеле многу ажурно и тука сега не сме ажурни. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, први сте за реплика, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Почитувана претседателке на Републичкиот судски совет, јас незнам односно вие рековте јас не знам дали е мое, ама јас ќе ви кажам што е работа на Парламентот. Значи, согласно членот 68 став 1 точка 15, овој Парламент врши избор и разрешување на судии. Вие не можете да барате од пратениците немо да гласаат за одреден судија или да гласаат против. Вашите аргументи кои ги давате за досегашните 15-тина предлози за разрешување на судии, ние сто пати досега ви кажавме дека се штури, недокументирани соодветно и вие барате од нас сега тука да не коментираме ништо за, во оваа сала како што велите, да коментираме дали тој судија треба да биде разрешени или не треба да биде разрешен. Републичкиот судски совет согласно Законот треба да има 7 членови. Вие едногласно со дури пет члена, затоа што не ви се пополнети двата, донесовте одлука дека овој судија треба да биде разрешен. Мислам, да ја кажам само тежината на РСС, значи од вкупниот број 7, со 5 се одлучува судбина на луѓе и колку е оправдана или не е оправдана, тоа останува на нас Парламентот како крајна инстанца да видиме дали тој судија треба да биде разрешен или не треба да биде разрешен. Јас не верувам, почитувана претседателке, дека стриктно работите по Законот, затоа што имаше тука во ова Собрание трипати предлог од ваша страна за одреден судија во Прилеп, ако добро ме држи меморијата, три пати овој Парламент гласаше против, кое беше вашето образложение дека токму тој судија три пати треба да биде предложен за исто место, вие пак не изнесовте аргументи. И, по она што е дадено во предлогот за разрешување вие велите дека всушност од ова ваше образложение утврдив дека единствена маана на овој судија е што 11 месеци и 6 дена писмено не ја напишал пресудата. Но, вие после тоа имате дека од 2000 година до 2005 тој всушност и не работел така како што требало да работи. Вие чекавте две години да утврдите како РСС дека тој човек ориентационата норма не ја исполнувал. И она што го велите за Врховниот суд дека со едногласна одлука, па тој Врховен суд пред една година, како што рече колешката Лалчевска, со едногласна одлука го предложил за претседател на Основниот суд во Охрид. Мислам, срамота.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута повелете госпоѓо Софрониевска.

**Ленче Софрониевска:** Републикиот судски совет ова Собрание го има комплетирано уште одамна. Седум члена се, од нив се пет судии. Тоа го нагласував. Значи, седум се члена. Ве молам, за една корекција. Додека е овој состав на РСС, колегата никогаш не бил предложен за претседател, бидејќи немало конкурс. Потоа е тој, односно тој е веројатно за време на претходниот судски состав.

**Љупчо Јордановски:** Без коментари од место, сите имавте можност како реплика или контра реплика да се искажете.

Повелете госпоѓо Лалчевска, имате три минути реплика.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Од излагањето на претставникот на РСС јасно се издиференцира дека единствен грев на судијата, ако може да се рече дека е грев рече дека е грев е што не ја напишал пресудата за исклучително сложен кривичен процес во законскиот рок. Меѓутоа, јас сум сигурна дека има многу судии кои од вакви или такви причини ги пропуштаат роковите. Меѓутоа, овде се работеше за случај, како што вие рековте, кој ја тресеше државата и за кој сме добиле вакви или онакви оценки од меѓународната организација како судови. Јас тогаш би ве прашала како се тресеше судијата кој доби вораце жежок костен односно да го решава овој судски кривичен предмет. А, самите вие рековте во своето излагање дека се работи, признавте за квалитетен судија. Сакате да кажете дека ние со неправо сакаме да браниме право. Дали сега, го прашувам претставникот на РСС, со неправо, со разрешување на еден исклучително квалитетен судија, кој имаше таква среќа да добие исклучително жежок костен во рацете, ќе ја смениме сликата и ќе направиме право. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, имате три минути реплика. Само ве молам немојте политички реплики да давате. Судството треба да биде надвор од политиката, а вие ја инволвирате политиката.

**Блаже Стојановски:** Се согласувам со вас дека судството треба да биде надвор од политиката.

Во таа насока беше излагањето на госпоѓата Софрониевска, која децидно кажа дека причината за разрешувањето на судијата потврди дека овој предлог е токму политички мотивиран. Тоа заради фактот дека еден од крупните случаи, како што рековте вие, кои даваат оценка за судството во Република Македонија пред меѓународната заедница е случајот Дилавер Бојку. Исто така, вие спомнавте дека тоа е случај кој ја промени оценката со која бевме први во борбата против нелегалната трговија со бело робје. Затоа, велам дека вашата дискусија беше потврда на она што го кажав дека разрешувањето на овој судија, предлогот за разрешување е мотивирано не од неговата вкупна работа, не од квалитетот на пресудата која што ја донел, туку заради тоа да се сведи одговорноста за случајот Дилавер Бојку на судијата кој го пресудувал тој случај и преку тоа да се каже дека оваа власт се бори за создавање на ефикасно и независно судство пред меѓународната заедница. Меѓутоа, верувајте дека на овој начин се испраќа погрешна порака, затоа што овој судија не е го оценуваат само преку тој случај, туку го оценуваат и преку вкупното негово работење. А, вкупото негово работење не се оенесува на неекспедирањето на една пресуда во период од 11 месеци.

Понатаму, велите дека овој судија се разрешува не заради несручност, потврдувате дека покажал висока стручност во неговата работа, туку заради несовестност. А, кои се критериумите за несовесноста, тоа е должината на експедирањето на објавената пресуда после главниот судски претрес. Сметам дека ако се тргне со утврдувањето на несовесноста на овој начин за кој што вие говорите, тогаш голем дел од судиите во Република Македонија, заради бавноста на постапките ќе мораат да бидат прогласени за несовесни и тоа би претставувале основ за разрешување што директно, како што кажав и претходно во мојот говор, влијае врз стравот на овие судии од нивно разрешување, бидејќи знаеме дека после нивното разрешување тие одат или како адвокати, или остануваат без можност за понатамошна активност.

Понатаму, уште една работа која што сакав да ја кажам, тоа е дека борбата против нелегалната трговија со луѓе не зависи само од овој случај, не зависи само од експедитивноста на пресудата која што беше донесена по однос на овој случај, туку зависи од многу други фактори кои што не треба да бидат предмет на работа на РСС, туку на многу државни фактори кои што треба да влијаат во тој поглед. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски, вашите три минути.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претсдателе,

Јас само би сакал да упатам едно прашање односно две прашања до претседателот на РСС.

Каде беше РСС 11 месеци и 6 дена од усменото објавување на пресудата од страна на судијата Димитрија Цобовски до нејзиното писмено изработување и врачување. Меѓу другото надлежностите на РСС не е само да чека во заседа на грешка на судијата. Тој има надлежност и пред се треба да дејствува превентивно да ги следи, ако така се зборува дека предметот ја дрмал државата. Таквите предмети од такво значење да ги следи во текот на нивното решавање и ако затреба некаде да пружи помош на судијата што го процесуира предметот. А, не вака после толку време и чекање во заседа поминале 11 месеци и 6 дена и тогаш да му се наоѓа за маана на судијата дека писмено не ја изработил пресудата.

Второ прашање, дали за тоа време тие 11 месеци и 6 дена обвинетиот Дилавер Бојку односно веќе осудениот со пресудата што усмено ја објавил судијата бил на слобода или бил во притвор. Дали тој слободно можел да се движи низ државата и евентуално да го повтори делото или бил се до писменото врачување на пресудата во притвор. Ако бил во притвор, тогаш не гледа дека имало некаква штета и некаква криминална опасност да се повтори делото од страна на осудениот. Не знам дали сето ова не наведува дека целиот случај и беше потребен на актуелната власт, дасе рекламира пред Меѓународната јавност, дека еве ние сме ажурни и експедитивни во решавањето на вакви случаи, кои би рекол во тие земји што вршат перманентен мониторинг на Република Македонија, се случаи што секојдневно се вршат а ние на тој начин требаше да добиеме политички поени како предводници во борбата против организирраниот криминал. Мислам дека и ова разрешување следи како резултат на таа политичка реклама на актуелната власт. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дозволете, од сега забранувам да се спомне името на Ајнштајн, бидејќи сме шампиони да ги реализираме работиве.

Повелете господине Караџоски, имате три минути реплика.

Претходно, една минута за објаснување има госпоѓата Софрониевска.

**Ленче Софрониевска:** Тоа што го интересира пратеникот Краљевски дали бил во притвор Дилавер Бојку и другите, па не можел да биде во притвор кога добил ослободителна пресуда и била објавена. Тие се влезени потоа во затвор во 2004 година, бидејќи ослободиелната пресуда отткако после една година била врачена, била обжалена, таа пресуда е укината, потоа се осудени и во 2004 година, значи 4 години биле на слобода.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски, имате три минути реплика.

**Жарко Караџоски:** Токму ова сега последното што го кажа претседателката укажува на она за кое што јас дискутирав. Јасен е притисокот и можеби осветата, затоа што дошло до ослободителна пресуда, иако несакам да навлегувам зошто имало ослободителна пресуда. Какви докази се изведени, дали тука биле судиите

итн, да се впуштаме во нешто во овој момент сметам дека не е потребно, меѓутоа јасно е, очигледно е, дека има притисок да се дојде до некоја пресуда на некого да му одговара, можеби на господинот Батлер, можеби на некојси друг итн. Меѓутоа, по изготвувањето на пресудата дали е рокот 11 месеци или 6 дена, како што тврди РСС ние овде имаме изјава од конкретниот судија кој што кажува дека не е точно дека во тој рок не била изготвена пресудата. Била изготвена, сведок посочува и тоа сведокот е втриот јавен обвинител Гоце Мартиновски од Охрид кој што при увид во самиот предмет ја нашол пресудата. Проблемот е во експедитирањето, кое што самиот тој го зборува. Во тоа, во сите оние аргументи кои што јас ги искажав овде, а претседателката на Судот во својот говор не спомена ништо. Едноставно она што си беше напишано без некои конкретни аргументации, само потврдува дека намество ваквите судии да ги заштитуваме и да ги наградуваме ние ги разрешуваме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам , господине Манев имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе,

Би сакал и јас да дадам свој придонес и да се произнеса по предлогот на РСС за разрешување на судија од Основниот суд Охрид поради нестручно, несовесно извршување на својата работа.

Од самиот предлог и од стручното изјаснување на претседателот на РСС произлезе дека нема нестручно и несовесно работење бидејќи тој судија бил квалитетен, барем така се зборува, барем не на тој план единствено и целокупната пријава за поднесување истиот да биде разрешен е тоа што тој пресуда која што ја донел и ја објавил писмено била доставена некаде после 11 месеци. На таквата околност од колегата пратеник Жарко Караџоски со писмени наоди и документи дојдовме до една поинаква состојба дека не е токму така и сметам дека предлогот за разрешување на овој судија е малку преуранет. Ако судскиот совет, тоа што го зборува претседателката дека со болно срце и мака тоа го прави и за колегите од РСС мислам дека не ја завршиле работата. Веројатно тој судија, кој што денеска е предмет на расправање истиот да биде разрешен е сослушуван од иститите, кажал тоа што кажал и требало да го проверат. Барем ние што сме работеле во правосудство, во судовите начелото на контрадикторност е основно начело за да ја докаже вистината. Овде ми се чини дека не е, без разлика тоа што и Врховниот суд дал таква согласност укажува дека има нешто друго.

За неквалитет неможе да се зборува. Од тие податоци што се изнесени, тој скоро 45% од кривичните предмети во охридскиот суд ги решавал тој судија, а останатите, имало уште 5 судии кои што решавале некои на пола или 1/3 од работата што ја работел тој, а исто така и податоците што ги изнесе господинот Жарко Караџоски дека е мал процентот на пресуди кои што биле вратени на повторно разгледување од повисокиот суд нешто друго укажува. Сега исклучиво кога би го земале предметот Бојку Лека ако овој предмет е веднаш пресуден, односно ако веднаш била напишана пресудата ќе уследела жалба и ќе се вратела на повторно одлучување поради фактот што тој донел ослободителна пресуда. Ниту еден судија досега не одговарал за донесена пресуда. Ако тоа се прави ниту еден судија нема да суди. Кој е тој дали ќе погоди тоа што го сака да му каже повисокиот суд и ако сака да го зафркне повисокиот суд ќе му ја врати секогаш пресудата. Има пресуди кои што поминуваат и понеквалитетно изработени, има пресуди кои што се поквалитетно изработени па се враќаат. Затоа во тој правец мислам дека не може да се бара одговорност што тој донел ослободителна пресуда или друга пресуда.

Некои колеги пратеници зборуваат на пр. Ако е свое дете или мое дете, ние ги гледаме граѓаните на Република Македонија и да не мислиме дека само тоа кривично дело е општествена опасност. Има уште поопасни кривични дела и секое кривично дело е опасно. Ако не е нема да е пропишано со кривичниот закон. За некои е многу тешко и навреда ако биде јавно увредено итн, и затоа не смееме да тргнуваме од тој факт и да укажуваме многу жалост пред пратениците дека овој сакал некој да го ослободи, бенифицирал такви тешки кривични дела кој ги озвршувал обвинетиот Бојку Лека.

Мислам дека најпаметно е во овој предмет, имајќи предвид дека овој судија е сепак квалитетен судија по однос на тоа што работел и што изработил и Судот се обраќа во својот предлог за еден период од скоро 5 години, од 2000-та до 2002 година, што сметам дека нема место за тоа, да анализира таков период, судијата може да се фати за еден случај, а не да се, незнам и дали има право од 2000-та, 2002 година да се анализира што работел, што за жал за сите тие години укажува дека тој бил квалитетен судија. Веројатно, не го познавам, ниту сум го видел, зборувам од тоа што имаме ние пред нас предмети во писмени форми, барем кои што ги презентира Караџоски и кои укажуваат каква личност е. Тешка работа е за Република Македонија и за нас ако навистина барем судии кои што работеле повеќе предмети, се труделе, да кажеме дека нечинат. Неспорен факт е дека тој погрешил што не ја напишал таа пресуда, а што пресудил така тоа е негово убедување, веројатно има има и поротници, не го направил сам. Ако фактот што не го напишал, мислам дека РСС има и повеќе мерки, не морал да оди веднаш на предлог за разрешување.

Јас би посочил на претседателот на РСС, бидејќи тој добива извештај за сите основни судови, за ажурност на работа на судиите, па нека побара и по еден извештај кога и во колкав временски период ги донесуваат пресудите останатите судии. Јас мислам дали 10% од судиите кои што судат кривична материја во писмена форма ги изработуваат пресудите во законскиот рок. Зошто

не е реагирано досега тоа треба да го следи Судскиот совет. Кој забранил на Судскиот совет налог и да изречува мерки, не мора да е разрешување, има и други мерки према судии, претседатели на судови, следење и тоа да влезе во еден колосек за нашето судство, барем досега. Се ажурирало на тој план, на изготување на писмените пресуди, фактички таму погрешил и судскиот совет. Каде е неговата ажурност, мислам на судскиот совет да укаже досега колку во Република Македонија има пресуди што не се доставуваат писмено во дадениот рок. Нека ми дадат таков извештај од судскиот совет па тогаш ќе расправаме, да видиме дали бил ажурен и судскиот совет во тој поглед, а ги обиколува судовите што е неспорен факт. Имам такви увиди, знам дека одат, а што прават, што контролираат? Сите тие грешки тој треба да ги напише, да ги даде па тој суд да ги исправи недостатоците што ги прави. Затоа сметам дека нереално е по овој предмет, претседателот на Судскиот совет може да го повлече овој предлог и да се преиспита уште еднаш дали навистина тој судија бил неажурен, неквалитетен или му е само овој престап што го направил, и од кои причини не го направил.

Прашање е дали тој судија имал некои толку лични симпатии према тој обвинет или нешто друго имал што не смее да го каже. Дали е тој судија заштитен до тој степен да го направи тоа. Многу лесно е да го разрешиме ние од судија, многу лесно е и тој да заврши со неговата професионална кариера, па дури и со животот може да заврши ќе стане незаштитен од никого. Затоа сметам дека треба малку поголемо внимание. Ако би се ставила и претседателката на Судскиот совет, и таа да го направела тоа, а под кои околности и не смее да каже и да ја разрешат. Затоа мислам дека треба уште еднаш да се преиспита, не е толку лесна работа од судија да го оставиш на улица, многу е тешко било која работа да ја работи. Не е за жалење оној кој прави повреди, мислам судија, но од тоа што гледам сметам дека не е токму таква состојбата, освен тој факт што не ја напишал а веројатно не ја напишал, затоа што имал причина. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Софрониевска

**Ленче Софрониевска:** Да реагирам само во делот на пратеникот каде што вели дека Судскиот совет имал на располагање и други можности за некои други мерки.

Законот при утврдување на постапка за нестручно и несовесно работење не познава ниту какви други мерки освен предлог за разрешување, или да не се поднесе предлог за разрешување. Значи, ова не е точно, а го кажувам само заради јавноста за да не се смета дека ова е некоја дисциплинска постапка па може опомени да се даваат. Не е така.

**Љипчо Јордановски:** Господине Манев, повелете, иако ве разбравме дека има усмена опомена, но повелете, кажете вие.

**Ефтим Манев:** Јас мислам не да изрече Судскиот совет на овој судија или на било кој друг судија некоја друга мерка, туку Судскиот совет тргнувајќи од фактот дека во судството, а тоа неможе да го одрече претседателот на РСС дека сите пресуди во Република Македонија се донесени во рок од 8 односно 15 дена само оваа е писмено недонесена. Јас зборувам дека таквите не се донесени, 80% не се донесени во тој временски период. Иако е паушално, но такво нешто стои . РСС можел писмено да ги известува судовите да постапуваат благовремено и ако го има тоа да достави дека е така постапувано.

**Љупчо Јордановски:** Господине Кралевски сакате ли да се дообјасните, повелете.

**Чедомир Краљевски**: Благодарам претседателе, почитувана претседателеке,

Ова мое денешно второ обраќање ќе биде повеќе по содржина како контра реплика на вашата реплика по однос на моите прашања кои се претходно поставени во врска со конечноста на предметот за Дилавер Бојку пред Основниот суд во Охрид што го води судијата Димитрија Цобовски.

Имено, дали јас не бев правилно информиран или пак вие можеби нецелосно сте информирани, а би требало да сте целосно информирани, но сепак заради македонската јавност, заради судијата чие разрешување денеска е на дневен ред би требало да се каже дека Дилавер Бојкуу и останатите обвинети со него се во затвор или во притвор од неговото враќање и фаќање во Црна Гора пред 3-4 години до ден денеска. Меѓутоа, тие се во притвор односно во затвор заради други предмети што ги сторил Дилавер Бојку осуден со правосилна осуда од Основниот суд и потврдена осудата најверојатно од Апелациониот суд во Битола. Значи предметите поради кои Дилавер Бојку и другите се наоѓаат денеска во моментот во затвор се од други предмети, по други основи, не по овој за кој расправаме, за кој бил надлежен судијата Димитрија Цобовски.Тој предмет што го суди судијата Димитрија Цобовски, за кој е донесена пресуда усмено објавена после 11 месеци и писмено изработена и која пресуда е ослободителна сеуште не е завршен. Тој предмет не е завршен, имало жалба по тој предмет од Јавното обвинителство, предметот е вратен на повторно судење, меѓутоа повторното судење не се одвивало, не е завршен тој предмет. Имено, не постои конечна правосилна пресуда со која Дилавер Бојку е осуден на казна затвор од охридскиот суд во предметот што го водел судијата Димитрија Цобовски. Значи, сега ние правиме префрлање на вината на Димитрија Цобовски за предмет кој сеуште не го завршил. Тука лежи одговорот зошто Димитрија Цобовски како судија бил предмет на опсервирање од страна на РСС и денеска се наоѓа како предлог пред ова Собрание и истиот да биде разрешен од

судиската функција. Токму затоа што на него му се вршел перманентен притисок како судија, а според начелата на кривичната постапка судијата е независен во донесувањето на својата одлука. Затоа се трудиме сите судството да го направиме независно и токму заради таквата пројавена независност пред целокупната јавност во Република Македонија сега се предлага да биде разрешен судијата Цобовски. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине,

Вие рековте дека ова ќе биде реплика на реплика.

**Чедомир Краљевски:** Не, не реков. Реков во моето денешно второ обраќање кое по содржина ќе биде контра реплика.

**Љупчо Јордановски:** Не, ова ќе биде контра реплика.

**Чедомир Краљевски:** По содржина ќе биде, не по форма, не по време.

**Љупчо Јордановски:** За Дилавер Бојку овде не расправаме, а вие потрошивте три минути за Дилавер Бојку, ве молам формалноста да ја исполниме. Сега ќе си седнете ќе се пријавите за збор и ќе ви дадам збор.

**Чедомир Краљевски:** Ве молам господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Ама зборувавте контра реплика.

Повелете сега продолжете.

**Чедомир Краљевски:** Јас реков во моето второто мое денешно обраќање ќе биде по содржина контра реплика а не по форма.

**Љупчо Јордановски:** Кога рековте по содржина контра реплика мора да очекувате реплика.

Повелете сега имате збор, досега беше контра реплика, сега имате збор, да си биде по ред.

**Чедомир Краљевски:** Зборот ми е, од завршувањето на постапката по предметот Дилавер Бојку во Основниот суд во Охрид каде што надлежен судија бил Димитрија Цобовски до конечното писмено изготвување на пресудата на судија се вршел перманентен притисок од извршната власт Дилавер Бојку да биде осуден активно на казна затвор. Судијата според начелото на независност во донесување на одлуката во постапката е убеден и ден денеска е убеден дека Дилавер Бојку треба да биде ослободен поради немање на докази итн. не го знам точно предметот.

Истиот таков притисок перманентно се врши и до ден денеска откако предметот е обжален, првостепената пресуда е обжалена, предметот е вратен и истиот таков перманентен притисок продолжува и до ден денеска Дилавер Бојку да биде осуден на ефективна казна затвор. Меѓутоа судијата и ден денеска не го сменил мислењето, постапува според начелата на независност во судењето, според начелото на утврдување на материјалните докази, контрадиктороност на постапката, итн, и сите други начела на кривичната постапка и истиот е убден дека обвинетиот Дилавер Бојку, сега осудениот по првостепена постапка да добие ослободителна пресуда.

Тоа се главните мотиви, тоа се главните причини поради кои Републичкиот судски совет преку продолжена рака во овој случај-не велам постојано и секогаш, туку во овој случај-се обидува да врши притисок врз судијата и тоа е одговорот на прашањето зошто денес го имаме како точка на дневен ред разрешувањето на судијата Цобовски.

Патем речено, да кажам дека во текот на судењето пред Основниот суд во Охрид имало, според начелото на јавност во судењето, претставници и на некои странски држави, односно невладини организации кои во тие судски кулоари протуриле дека судијата Димитрија Цобовски не го почитува начелото на нетранспарентност на заштитен сведок. Меѓутоа сите знаеме дека Законот за заштитен сведок сеуште не е влезен во сила, односно не е донесен и тој закон, ако Господ даде, ќе се применува од 2006 година, така што не може и тоа да му се земе за грешка на судијата Димитрија Цобовски затоа што, како, објавил податок, името и презимето на некој наводно заштитен сведок.

Според тоа, ако се земе предвид фактот што и ден денес судијата Димитрија Цобовски е убеден дека треба по тој предмет во Охрид што се води да донесе повторно, значи и по вратениот предмет по жалба од Јавното обвинителство, повторно ослободителна пресуда, тука лежи одговорот зошто истиот е предмет на разрешување денес и предлог од Републичкиот судски совет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Шајноски, вашиот збор да го слушнеме.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе.

Во целина ги подржувам дискусиите на претходнит еколеги од опозицијата и нивните аргументи нема да ги повторувам.

Во многу кратката дискусија ќе укажам на една тенденција, која се гледа и од овој случај. Знам дека судијата Димитрија Цобовски дојде до ова дереџе само затоа што покажуваше независност и објективност при судењето и не ги извршуваше наредбите од локалните моќници на СДСМ. Во Охридскиот суд се врши чистка на секој слободоумен судија или обвинител, заменик обвинител или правобранител. Се настојува во судот да останат само партиски послушници кои ги покриваат и ќе ги покриваат евентуалните измами во законски дејанија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајноски, само кажете колку минути ќе трае ова.

**Драго Шајноски:** Една минута.

**Љупчо Јордановски:** Дозволено ви е, продолжете.

**Драго Шајноски:** Благодарам.

Значи се настојува во судот да останат само партиски послушници кои ги покриваат и ќе ги

покриваат евентуалните незаконите дејствија во иднина врз други фирми од страна на сдсмовците во Охрид. Сигурно знам дека скоро сите судии, со исклучок на еден, кои се поврзани со проблемите во ЕМО се под постојана пресија од локалните моќници да судат против законите и против фактите што ги извеле. Дури, се охрабруваат и да не ги почитуваат кажувањата од Апелациониот суд во Битола. На тој начин, не само што ЕМО е доведен во колабс, туку се унесреќуваат многу луѓе без причина и без доказ. Затоа, тврдам на влезот на Охридскиот суд, уште денес слободно може да се постави жолта петокрака со црвен трендафил на сина основа, бидејќи тоа веќе не личи на независен суд. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Софрониевска, повелете, имате збор.

**Ленче Софрониевска:** Благодарам.

Само едно реагирање. Веќе во други насоки одат дискусиите, меѓутоа, повторно ќе нагласам дека Републичкиот судски совет си постапува согласно Законот. Меѓутоа, сега ме стави малку во дилема дискусијата на пратеникот Краљевски: од каде знае каква пресуда требало да донесе судијата. Па судиите не смеат да кажуваат какви пресуди носат. Тие се произнесуваат на судење по завршување на јавен претрес и со објавување на пресуда. Во друга насока се насочува дискусијата.

Ве молам, држете се за Предлогот на Републичкиот судски совет. Не прифаќаме никакви квалификации за некаква политизација, затоа што реков и на говорница, пред аргументите сите молчат. Никој не оспори дека колегата година дена не напишал пресуда. Јас не ограничувам дискусии, меѓутоа, на колегата веќе му се прават и штети со тоа што во одбраната, сакајќи да се одбрани нешто што е неодбранливо, вадат работи кои судијата не би смеел да ги кажува.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Софрониевска, како што знаете, по Уставот пратеникот не одговара за она што овде ќе го каже своето мислење во било која форма и на било кој начин. Мојата задача е да ги насочам да зборуваат во рамките на Предлогот, но тоа е широка лепеза на можности како може некој исто така во рамките на предлогот да зборува, а да го каже она што смета. Сметам за успех што барем ги скративме таквите излети надвор од темата барем на минута две, така што не ја прифаќам таа критика од ваша страна.

Повелете, госпоѓо Гашоска, имате три минути реплика.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам претседателе.

Морам да констатирам дека она што го кажа колегата е паушална и лична негова констатација, што воопшто не држи и ги навредува и вработените во Основниот во Охрид и граѓаните на Охрид. Пред судот или како обележје на судот стои државното знаме на Република Македонија и нема потреба од други ознаки. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Оровчанец, имате збор, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Јас би се осврнал на ова од малку поинаков агол. Сметам дека дефинитивно Републичкиот судски совет не пружи ни еден елемент на доказ на несовесно, нажурно и нестручно и непрофесионално работење на судијата Димитрија Цобовски, кој предлог за разрешување го доставува до нас. Мислам, дури, има и контра аргументи, прво, дека таа пресуда е донесена, тоа е факт; второ, дека таа пресуда е напишана, и тоа е факт затоа што тој факт е потврден од Основниот јавен обвинител кој во ситуација кога побарал да изврши увид во списите на предметот констатирал дека пресудата била изготвена. Пролонгирањето на експедитирањето на пресудата или со наши зборови кажано испраќањето на пресудата дали има политичко влијание во тој момент и од страна на Републичкиот судски совет, затоа што во исто време се води постапка пред Апелациониот суд за други предмети во врска со истиот обвинет и дали една ослободителна пресуда би можело да има одредени политички консеквенци и разнишувања на ставот на Апелациониот суд. Значи може да има тука и многу голема друга политика.

Според тоа, овој факт е неспорен.

Втор факт што е неспорен, тоа е стручноста и компетентноста на судијата, па видовме, беше стопати искажано, мислам дека во ниеден момент не беше тоа демантирано дека практично овој судија ја носи половина работа на процесите во кривичната постапка во Општинскиот суд во Охрид. Веројатно со една таква квалифиакција на човек кој е стручен, компетентен и квалификуван даден му е тој случај. Меѓутоа, проблемот очигледно е настанат во момент кога политиката не успеала своето влијание да го наметне врз расудувањето и делувањето на судијата. Со други зборови, ова разрешување директно е удар врз независноста на судството во кое толку се колнеме и се колне Републичкиот судски совет.

И како последно што би го кажал, тоа е дека токму овој Републички судски совет за овие три изминати години толку го искомпромитира судството во Република Македонија што стигнавме до уставни промени во судството за да дојдеме до независно судство, затоа што дефинитивно го партизира и го политизира. Мојот став е дефинитивно дека ова е лош пример како се разрешува независен судија. Ова е типичен пример како не треба да се работи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец, вие сте интелигентен човек, веројатно не претпоставувате дека се почнува од овој Републички судски совет. Да не се враќаме назад во историјата.

За реплика се јави пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Во интерес на вистината, иако станува контрадикторно сега заради кои аргументи се обидува да се одбрани судијава, да кажам дека не само Републичкиот судски совет, туку и Врховниот суд, да повторам, на своја седница едногласно утврдил мислење за постоење на причини за разрешување на судијата, така што ако сакаме да бидеме искрени во нашите дискусии, да ги посочиме и двете институции, а не само на едната да и додаваме некои политички етикети што не држат, туку она што го пишува во соопштението. Две институции едногласно донеле Одлука за разрешување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Гласањето ќе го спроведеме после паузата во 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Благодарам, сега сме 61.

Предлогот Димитрија Цобовски да биде разрешен од функцијата судија во Основниот суд во Охрид, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 49 за, нема воздржан, 10 гласале против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Димитрија Цобовски е разрешен од функцијата судија во Основен суд во Охрид.

**Минуваме на точка 3. Предлог за именување на член на Советот на Народна Банка на Република Македонија.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лиман Куртиши да биде именуван за член на Советот на Народна банка на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 50 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Лиман Куртиши е именуван за член на Советот на Народна банка на Република Македонија.

**Минуваме на точка 4. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседателе, заменици на претседателите, членлви и нивни заменици на комисиите на собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Пратениците: Чедомир Краљевски, Никола Ќуркчиев и Роза Топузова Каревска, поднесоа амандман на точка 1 за менување на подточка 4., по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за менување на подточка 4., поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Никола Ќуркчиев.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да се произнесе.

Има збор господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Од формални и од други причини, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 45 за, 2 воздржани, 4 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на точка 1 за менување на подточка 4.

Продолжуваме со претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Претседателе, јас побарав процедурално, а вие не ми дадовте збор.

Согласно Деловникот амандман не може да се поднесе на Предлог-одлука. Амандман се поднесува само на предлог-закон. Погледнете го Деловникот и ќе видите дека е така.

**Љупчо Јордановски:** Во кој член, ве молам, кажете. Јас не сум информиран за тоа.

**Ристана Лалчевска:** Го немам Деловникот сега и не знам кој член точно беше, но точно стои дека амандман може да се поднесе на Предлог закон. Никаде не стои дека може да се поднесе на предлог-одлука. И претседателот на Комисијата беше јасен, од формално правна гледна точка, не може да се поднесе.

**Љупчо Јордановски:** Вие барате експлицитно од нас се што може да се нареди и се што не може.

**Ристана Лалчевска:** Деловникот е многу јасен претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Јас го толкувам Деловникот таму каде што не е јасно и сметам дека Деловникот е спроведен како што треба.

Секоја одлука, секоја информација и сите заклучоци може да се нормираат со амандмани.

**Ристана Лалчевска:** Не стои така во Деловникот. Само Комисијата е надлежна да даде предлог.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Лалчевска не е прв пат вака да ги дополнуваме и одлуките на Комисијата. Во мое време, јас кога бев претседател, два пати се случи тоа.

**Ристана Лалчевска:** Во секој случај го кршите Деловникот.

**Љупчо Јордановски:** Не мислам дека го кршам Деловникот.

Можете да поднесете барање до Комисијата за деловнички прашања да го протолкува тоа.

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

58 пратеници гласале, 56 гласале за, нема воздржани, 2 гласале против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 5. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици, на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи немам пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 58 гласале за, нема воздржан, 2 гласале против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 6. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале, 55 пратеници, од 64 присутни пратеници, 55 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 7. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија, за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, гласале 59, за гласале 59, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одллуката.

**Минуваме на точка 8. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев - Јасмин".**

Предлогот на одлуката ви е доставен .

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавено за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, гласале 57, за гласале 57, нема воздржан нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 9. - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-Импорт банка, врз Буџетот на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, 59 гласале, за, гласале 59, нема воздржан немам против.

Кконстатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на Основните судови во Берово, Велес, Виница, Гевгелија, Кавадарци, Кичево, Неготино, Прилеп, Радовиш, Ресен и Скопје 2 - Скопје.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници 56 гласале, 56 за, нема воздржан нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје I-Скопје и Струмица.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 пратеници, 53 гласале, 52 пратеници гласале за, нема воздржани, еден гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Ристова, повелете.

**Каролина Ристова:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници.

Јас како што и спомнав во барањето за итност и неодложност за ставање на оваа точка на дневен ред, кажав дека овие измени се во функција или реализација на препораките кои што беа дадени во рамките на ФИНИНГ проектот кој што се спроведуваше во период од една година во нашето Собрание заедно со експерти од Словенечкиот парламент и кој што се заокружи во септември о.г. Тие во рамките на ФИНИНГ проектот дадоа низа сугестии и во делот на измени на Деловникот и во однос на организација на службите, меѓутоа и во делот на она што значи поставеност на работните тела, а се во функција на подобрување на институционалниот капацитет на Собранието во процесот на усогласување на законодавството.

Јас сосема накратко само ќе кажам кои се тие измени. Најпрво, оценката во однос на поставеноста на работните тела е дека и нормално нивните надлежности, дека е тоа сеосема коректно. Единствена сугестија во процесот на законодавството е што практично да се вратиме еден чекор назад во улогата на она што значи Комисија за европски прашања и делот каде што е улогата на Законодавно-правната комисија. Експлицитно тоа значи бришење на една идентична надлежност, што кога ја носевме односно ги носевме измените и дополнувањата кога се формираше Комисијата беше предвидена таа идентична надлежност и на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за европски прашања или со други зборови да ги гледаат законите од аспект на усогласеност на законодавството. Нормално, тоа и тогаш се појави како проблем, но тогаш приоритет беше формирање на самата Комисија за европски прашања. Сега, таа нелогичност е отстранета, а Законодавно-правната комисија нормално во рамките на своите редовни надлежности, пред се, надлежноста да ги гледа законите од аспект на усогласеност на уставноста и кога тоа законодавство доаѓа како императив заради усогласување со европското законодавство, овој аспект не е изоставен. А, промената во законодавниот процес кај Комисијата за европски прашања е во тоа што сега веќе Комисијата за европски прашања нема да мора постојано на сите закони кои што значат усогласување да ги гледа како задолжителни, туку само по дискреција, по избор најверојатно за оние закони за кои ќе се процени дека се со големо влијание, кои што имаат висок профил. Сега, таа проценка ќе ја прави или претседателот или членовите на Комисијата односно по нивна иницијатива, а додека сите други работни тела, ќе имаат поголема инволвираност во делот на усогласување на законодавството во рамките на секторите кои што тие ги покриваат.

Ваквата ситуација е поттикната од императивот и логиката што ни беше нагласено од словенечкото искуство, а тоа е дека до моментот додека државата не стане членка на Европската унија, каде што практично е најзначајно, брзо и ефикасно да го усогласувате законодавството, како и имајќи ја во предвид опременоста и капацитетите на Владата во тој процес, особено и во соработка со експерти на работење на законите дека Владата е таа која што треба да гарантира со изјава на усогласеност дека законите се усогласени, додека Парламентот практично само треба да ја врши политичката контрла, а не и ефективно да врши односно да го проверува дали навистина секој закон и секој член е усогласен. Така, процесот би одел побрзо, ниту пак би се повторувала два пати истата работа во создавањето на законите. Сега, сосема поинаква е улогата на Комисијата кога државата ќе стане членка на Европската унија и кога ќе биде активен фактор во создавањето на европското законодавство и тогаш практично ние ќе ја вратиме оваа улога што сега ја имавме, повторно назад. Значи, практично нашето решение досегашно било еден чекор понапред од она што би било попродуктивно во функција на побрзо влегување во Европската унија, а од аспект на усогласување на законодавството.

Во другите надлежности на Комисијата за европски прашања се извршени само стилски интервенции. На пример, во рамките на тоа што

ние вршиме политичка контрола врз правата во процесот на евроинтеграции. Сега, посебна алинеја е издвоена националната стратегија за приближу вање кон Европската унија, што претходно ја немавме, знаи практично се работи за такви стилски усогласувања и интервенции.

Само на крајот би додала дека сето ова во однос на работните тела не може да функционираат без да се направат и другите два чекори што се потребни да се заокружуваат реформите во институционален капацитет, а тоа е измената на Деловникот и реорганизација и зајакнување на стручните служби на Собранието.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој бара збор? (Нема).

Бидејќи нема пријавени за збор, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 53 пратеници гласале за, нема воздржан, еден против.

Бидејќи бројот на тие што гласале е доста низок, службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Гласањето е валидно, бидејќи во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 13-Предлог за донесување на закон за надворешни работи.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молма, кој бара збор?

Воведно излагање, експозе ќе поднесе министерот за надворешни работи.

Повелете госпоѓа Митребва.

**Илинка Митрева:** Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Ако многумина ваши колеги и поранешни министри за надворешни работи досега говореа за потребата од дефинирање на вршењето на надворешните работи преку соодветна нормативна рамка, денеска веќе сите ние и јас заедно со вас нормално, ја имаме привилегијата да отвориме расправа околу потребата за донесување на закон за надворешни работи. И, не само околу потребата, денес го отпочнуваме дијалогот околу предлогот на Министерството и на Владата за донесување на закон за надворешни работи.

Предлогот за донесување на закон за надворешни работи кој се наоѓа пред вас, а кој го поднесувам од името на Владата на Република Македонија, покрај поддршката од досегашните министри за надворешни работи доби консенсуална поддршка и во Комисијата за надворешна политика и во Законодавно-правната комисија на овој претставнички дом.

Но, наш императив за законско дефинирање на оваа материја е усвојувањето на, се разбира, најдоброто можно решение. Затоа и баравме донесувањето на овој закон да оди во редовна собраниска постапка. Денеска во пленум расправаме за првата фаза, за првото читање на овој закон, во која се разбира заеднички ќе го разгледаме понудениот текст.

Веднаш да кажам дека Владата и јас како ресорен министер високо ја цениме соработката со Собранието во усовршувањето на овој Предлог на закон. При дефинирањето на легислативата, основната водилка ни беа две цели, добра нормативна рамка заснована на посебностите на македонската држава и закон чија што примена ќе ги засилува надворешно политичките перфоманси на Република Македонија. Во тој процес исклучително е значајна и содржинската демократска расправа, како што тоа и доликува на земја што влегува во големото семејство на евроатлантските демократии.

Во разработката на овој законски проект инсистиравме на соодветен придонес и на оние што ни ја дадоа својата доверба на изборите, граѓаните на Република Македонија. Токму затоа свој придонес во јавната расправа што се одвива по онаа во Собранието, можат да дадат и сите граѓани кои имаат соодветно изграден критички увид во ваков особен вид на норматива.

Предлогот на Министерството од многумина е оценет како одлична рамка, за да можеме да кажеме на крајот во второто читање, некаде во декември дека сме донеле добар закон, јасно е дека успешното окончување на овој процес му припаѓа на Собранието.

Ние како предлагачи особено внимание посветуваме на улогата на овој највисок дом при утврдувањето и разгледувањето на надворешната политика, но водиме сметка и за отчетот пред Собранието за сето она што било сработено во вршењето на надворешните работи. Неслучајно таа определба е јасно отсликана и во дадената содржина на законот.

Дозволете ми да им изразам благодарност на сите оние што веќе го дадоа својот придонес во креирањето на предлогот што го нудиме. Тука мислам на сите државни службеници во Министерството за надворешни работи, но и во другите државни органи кои помогнаа да се вообличи правната и политичката рамка на предлогот. Им благодарам на некои пратеници, кои сигурно препознаа дел од сопствените размислувања, кои што се вградени во овој предлог.

Во овој конекст не можам а да не ги спомнам и размислувањата од Кабинетот на претседателот на Републиката. Значителен дел од нив се содржани во владиниот предлог.

Дозволете уште еднаш да потсетам дека овој текст е отворен за дообликување. Оттаму,

особено ги ценам сите предлози и размислувања кои произлегоа од дискусиите во собраниските комисии.

Дами и господа, проектот, почитувајќи ги основните начела на Уставот, дава рамка за нормирано уредување на опсегот и на односите на државните органи во вршењето на надворешните работи и особено во креирањето, утврдувањето, спроведувањето на надворешната политика. Функционирањето на системот опишано во глава 2 од предлогот се заснова на процедури кои се јасно детерминирани.

Предлогот ја нормира организацијата на државата во сите оние работи што се во нејзина одговорност, а кои треба да бидат вршени во меѓународниот систем или низ државните односи.

Едновремено, заклучивме дека е неодминливо да се уреди вршењето на севкупниот корпус на надворешните работи, вклучувајќи ги и конзуларните работи, кои се особено важни за граѓаните на Република Македонија, но и устројството и работата на Министерството за надворешни работи како главен чинител во извршувањето на надворешните работи.

Во предлогот се уточнува надлежноаста , структурата и работата на Министерството на која е посветена цела глава и тоа глава 3 на оваа законска содржина, што според некои би можела да биде и самата по себе закон. Материјата се однесува на суштествените елементи на организацијата на Министерството, а неговата работа се нормира како во другите современи државни апарати.

Следствено, неодминливо беше со овој законски проект да се уведе и да се нормира посебниот вид на службеници во државата, дипломатските конзуларни службеници, нивните права, обврски и надлежности во обавувањето на овој специфичен вид на државни работи.

Предлогот во глава 5 со својата содржина ја утврдува нивната отчетност колку според закнските, толку и според професионалните норми. Убедена сум дека оваа професионална средина што сакаме да ја изградиме ќе ја добие вашата поддршка преку овој закон. Според предлогот тоа е професионална содржина, во која секој претставник, секој службеник е вреднуван според резултатите што ги направил во запазувањето во одбраната и во унапредувањето на основните вредности и на интересите на неговата земја и на неговите4 сограѓани.

Натаму, во предлогот, поточно во глава 4 и во глава 6 се нормира строго почитувајќи го меѓународното право, воспоставувањето на македонските дипломатски конзуларни претставништва и воспоставувањето на претставништвата на државите и на организациите од светот во Република Македонија. Тоа е и основната интенција на овој закон да се олесни надворешно политичкиот процес. Да се овозможи соодветно завршување на овој особен процес во сите околности и да се овозможи и постигне усогласеност во ставовите и во дејствата на сите одговорни за него.

Искуството ни покажа дека организираното вршење и извршување на надворешните работи, мора да се заснова на јасно дефинирани односи кои ќе генерираат единственост на државните актери и ќе обезбедат функционалност на државниот апарат во оваа основна сфера.

Бездруго, ова е, почитувани пратеници, амбициозен проект. Изминативе три години во Министерството беа изработени дури три нацрти. Притоа, се направија различни пристапи кон содржината и кон формата, напоредно се разгледуваат детали кои што се неопходни за ваков закон, се согледуваа различните искуства или се споредуваа законите за надворешни работи во повеќето земји, Словенија, Германија, Хрватска, Грција и тн. Но, баравме мислење и се советувавме и ги компариравме ставовите на уставните чинители во оваа сфера.

При изборот за министер во 2002 година ветив дека ќе донесеме закон за надворешни работи. Во голем дел тоа ветување денес го исполнувам, а целосно ќе го исполнам само со ваша поддршка.

Ваков закон во суштина, почитувани пратеници, е системски, бидејќи уредува цела сфера во државните работи на Република Македонија.

Нашата надворешна политика и надворешните работи треба да продолжат непречено, уредено и успешно да се реализираат, но се разбира деа законската основа за тоа не може да се потпира само врз неколкуте члена на Уставот и на неколкуте члена во Законот за организација и работа на органите на државанта управа односно законот за склучување, ратификации и извршување на меѓународни договори.

Овој предог воедно донесува и една голема новина што ја вбројува Република Македонија во редот на развиените европски демократии. Тоа се одредбите кои се однесуваат на меѓудејството на државните органи и цивилното општество во Република Македонија. Такви одредби не најдовме во законите што ги проучувавме, што ги разгледувавме. Со ова се доближуваме кон основните тенденции во демократизацијата на повеќе политики, а не само на надворешната политика.

Европската и евроатлантската иднина на Република Македонија како наша консенсуална определба е јасно содржана во овој Предлог за донесување на закон. Предвидените решенија создаваат можност не за следење, туку за активно учество на Република Македонија во програмите на алијансата, како и во заедничката надворешна и безбедносна политика и во европската безбедносна и одбранбена политика.

Дами и господа, овој законски проект, да нагласам, цели да нормира организација на една исклучително значајна државна служба, која е клучна за постигнување на стратешките интереси на земјава. Таа служба, всушност, почитувани, почнува од најодговорните во државата и

завршува кај службениците на шалтерот. Сите тие мора да ги остваруваат националните интереси, едновремено со запазувањето и заштитата на законитите интереси на граѓаните и на правните лица на оваа земја. Сите тие актери треба да се стават во служба на Република Македонија. Секако, за таква служба потребни се ресурси, кадровски и финансиски, но не во обемот што го претпоставуваат некои коментари или шпекулации. Тие, сепак, да кажат и пред вас се значителни.

Конечниот биланс, да повторам уште еднаш, мора да ги запази основните интереси на државата и на граѓаните. Впрочем, општо е прифатена констатацијата дека за малите нации, вкупната политика на државата во голем дел е надворешната политика.

Владата и Министерството остануваат отворени за сите конструктивни сугестии кои ќе произлезат од расправата во рамките на Собранието, многу очекуваме од јавната расправа на која ќе покaниме претставници од академскиот, дипломатскиот, научниот, политичкиот и на владиниот сектор.

Република Македонија почитувани пратеници заслужува да добие еден ваков закон. Четиринаесет години по етаблирањето како независна и суверена држава со автохтона надворешна политика и со силна меѓународна позиција.

Ви благодарам за вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Дами и господа пратеници, почитуван министер за надворешни работи,

Од самостојноста и сувереноста на Република Македонија поминаа 15 години и ние на денешен ден ја почнуваме расправата во прва фаза за донесување на закон за надворешни работи, што само по себе укажува дека ние досега сме пропуштиле многу време и за приближување кон Европската Унија и за приближување кон Севроатланската алијанса, значи многу време сме пропуштиле за да сето тоа го завршиме.

Затоа што никогаш не е касно конечно во 2005 година министерката го оствари она што го вети на 15 септември, при изборот на Владата, или 3 октомври 2002 година, што значи ни доаѓа скоро после 3 години да дојде на дневен ред првата фаза. И покрај сите тие три нацрти кои постоеле во Министерството за надворешни работи конечно да се уреди една сложена материја, која се согласувам со министерката е од особено исклучително и сензитивно подрачје. Добро е што Законот е предложен во три фази, оваа Нацрт и Предлог на закон каде што ќе можат сите надлежни лица, надлежни институции, да не зборувам експерти да дадат свој придонес во конечното формулирање и прецизирање на Законот за надворешни работи.

Јас искрено да ви кажам жалам што овој закон е толку доцна поднесен од Министерството за надворешни работи и уште еднаш ќе повторам, тоа е неполна година пред крајот на мандатот на оваа Влада. Во самиот закон последните одредби укажуваат на негова примена и подзаконски акти со одредени рокови од три месеци, шест месеци, меѓутоа мене ме плаши практичната примена на овој закон за надворешни работи доколку остане како закон кој мора да го имаме за да ја заокружиме таа надворешна политика и надворешни работи во еден закон да ги сублимираме, а да немаме практична реализација на оваа исклучително чувствителна област.

Во таа насока почитувани колеги, јас ќе бидам конструктивна и ќе ги кажам моите лични размислувања во однос на предложените законски одредби, во оние членови во кои сметам дека Министерството за надворешни работи погрешило при дефинирањето на одредени состојби кои сака да ги уреди како што треба, меѓутоа очигледно повеќе експерти го правеле овој закон, па така глобално ако го земеме како да го правеле тројца различни луѓе и се стопени во еден предлог за донесување на закон за надворешни работи.

Прво, генерално законот има една нишка која укажува на неповрзаност на она што е претходно напишано со она што доаѓа подоцна. Се губи нишката, се повторуваат одредени дефиниции, надлежности. Во секој случај малку е испомешана целата поставеност на законот вака како што е предложен. Нема соодветна поделба на глави, а се работи за исклучително сериозна материја.

Значи, имаме надворешни работи, надворешна полилтика. Кој ја креира таа политика, надлежностите на креаторите на таа полилтика во нивната функција, органи на спроведување на таа надворешна политика и надворешни работи со прецизно дефинирање на органите и прецизно дефинирање на нивните надлежности, па имеме службеници кои ќе работат во тие органи кои не се дипломати, не се генерални конзули, значи луѓето од втор и трет ешалон во дипломатските претставништва, нивните права, обврски, одговорности, исто така треба да бидат систематизирани во посебни глави што за жал во овој предлог на Законот за надворешни работи не го видов.

Прво, што според мене е најпроблематично, и Законодавно-правната комисија имаше определени забелешки на прецизно дефинирање на поимникот. Во самиот закон постојат зборови кои се употребуваат во дипломатската коресподенција, меѓутоа се работи сепак за закон кој треба да го читаме не само ние, не само луѓето на кои се однесува, туку на некој некогаш ќе му треба овој закон, а не постојат во поимникот објаснувања на определени зборови кои се предложени во самиот закон, како што се следниве на пример: агреман, егзеклатура, патентни писма, во членот 126 од Предлогот за донесување на закон.

Сметам почитувана министерке дека во поимникот е пишано едно. Дека имаме дипломатски и конзуларен службеник, имаме дипломатско и конзуларно претставништво. Меѓутоа, во понатамошниот текст на Предлогот за донесување на закон се употребуваат поимите "шеф на дипломатско претставништво" "шеф на конзуларно претставништво", па имаме "шеф на дипломатско-конзуларно претставништво без прецизно дефинирање на надлежностите кои се тие лица, а се работи за институции и органи кои ќе ја претставуваат Република Македонија и ќе ја спроведуваат надворешната политика.Тоа е во делот на поимникот и јас верувам дека колегите ќе ме дополнат а потоа ќе поминеме на органите кои ја креираат и утврдуваат надворешната политика на Република Македонија.

Меѓу органите кои се дефинирани се дадени Министерството за надворешни работи, претседателот на Републиката и Собранието на Република Македонија, секако и Владата, се извинувам, ја заборавив Владата, Собранието на Република Македонија е спомнато во еден член и до крајот на предлогот на законот е заборавено. Само учествува во креирањето, а како учествува, што учествува, каква надлежност освен по потреба ако смета Собранието дека може нешто да бара од Министерството, тоа ќе го кажам во членовите кои ќе дојдат подоцна.

Во членот 10, се вели во ставот 1, во името на Владата министерот за надворешни работи го известува Собранието за прашаша од областа на надворешната политика и меѓународните односи. Ако Собранието учествува во креирањето на политиката зошто тогаш само да има функција на примач на известување од страна на Министерството за надворешни работи за она што има намера или што е направено во областа на надворешната политика и меѓународните односи.

Интгересен став е ставот 4. Во ставот 2 се вели дека во името на Владата министерот пред Собранието најмалку еднаш годишно поднесува извештај за утврдување.

Во ставот 3 се вели дека министерот за надворешни работи расправа со Собранието.

Прецизно правничка терминологија не може министерот за надворешни работи да расправа со Собранието. Или расправа со претседателот на Собранието, или расправа во комисии, собраниски тела, или расправа пред Парламентот, меѓутоа не може Министерството за надворешни работи, поточно министерот да расправа со Собранието, и тоа за главните аспекти и основни извори на надворешната политика.

На предлог на министерот Владата му предлага на Собранието за заземање на ставови по одредено надворешно политичко прашање од надлежност на Собранието и вклучувајќи ги и оние надворешно-политички прашања поврзани со безбедноста и одбраната согласно Уставот. Вака формулирано е многу дискутабилно како ќе се протолкува овој став од членот 10, Собранието да зазема ставови, а учествува во креирањето на политиката, некако не ми иде во глава, или треба да учествува предвреме во креирањето за да нема потреба повторно да заземаме определени ставови доколку не се изменат условите за одредени прашања кои се однесуваат за надворешната политика на Република Македонија.

Во членот 15, тој термин за итни и непредвидени состојби што се јавуваат во рамките на спроведувањето на надворешната политика Владата обезбедува средства во рамките на Буџетот на Република Македонија сметам дека треба да бидат барем малку прецизни што значи тоа "итни и непредвидени состојби", во кој дел итни и непредвидени. Ако е војна се знае дека е итно, меѓутоа, во кои други случаи може да бидат итни и непредвидени состојби.

Членот 18 вели: "Во согласност со Владата Министерството за надворешни работи може да довери извршување на задачи од областа на надворешните работи на група составена од државни службеници и од членови на невладини организации, граѓани, правни лица на Република Македонија кои ја поседуваат компетентноста и стручноста", значи еден мешан состав и на невладини организации и на граѓани и на правни лица кои треба да извршуваат определен и задачи од областа на надворешната политика, а од друга страна имаме еден мал милион услови кои треба да ги исполнат и службениците, значи од најмал ранг службениците во дипломатското претставништво, а да не зборувам за амбасадори и за генерални конзули. Мислам дека малку двоен аршин имаме при утврдувањето на прашањата во спроведувањето на надворешната политика. Невладините организации не можат да бидат на исто рамниште со амбасадор, со генерален конзул, под претпоставка и Владата да даде согласност, меѓутоа во тој случај ги делегитимира и амбасадорите и генералните конзули во таа земја во која сигурно дека имаме свои претставништва.

Во членот 25 се вели: "Владата на Република Македонија по предлог на Министерството за надворешни работи и во согласност со претседателот на Републиката донесува одлука за прекин или намалување делумно или целосно на политичките и на економските, или финансиските односи со една или повеќе земји. За донесувањето на овие одлуки се информира Собранието". Значи, пак само информативна функција му се дава на знаење на Собранието дека со таа и таа земја ги прекинуваме или ги намалуваме целосно или делумно односите.

Во неколку члена имаме дефинирање на надлежностите, тоа го констатирала и Законодавно-правната комисија, исти надлежности.

Од членот 28 до членот 32 ако го погледате почитувани колеги предлогот ќе видите дека овие членови ги правел некој сосема трет кој не знаел

дека се прави предлог на закон за надворешни работи. Овие членови целосно влегуваат тука како да се од марс паднати, неповрзаност со она што претходно се кажува и она што следи, а тоа е главата дипломатско конзуларни претставништва на Република Македонија.

Немам ништо против да постојат овие членови, меѓутоа, да бидат во еден систематизиран ред и во однос на организацијата и што е државен секретар и која функција ја има тој секретар, кои се организациони делови на Министерството. Значи, Министерството овде треба да си преземе сериозна анализа на овие членови, мислам од 28 до 32.

Искрено да ви кажам кога ги читав овие дипломатско-конзуларни претставништва, главата за шефови на дипломатско претставнитво, шеф на конзуларно претставништво, вработено во Министерството и во дипломатските и конзуларните претставништва јас неможев да најдам кој со кого е поврзан, кој како пред кого одговара, кој кого го избира освен она дека претседателот на државата со указ ги прогласува амбасадорите на Република Македонија. Некоја терминологија, некоја недоследност за еден вака сложен закон, или како што вели министерката, системски закон не смеат да бидат дозволени при предлогот за донесување на закон. Колку и да е нов, колку и да имале нацрти во Министерството за ваква сензитивна материја недозволиво е да постојат вакви комплицирани содржини на членовите во самиот закон.

Сакајќи да се доуреди до крај определена надлежност се отишло во друга крајност, а тоа е испомешаност на самите поими или непрецизно, или со претходниот член се анулира наредниот член, така да сметам во овој дел мора Министерството за надворешни работи под итно да ги исправи своите грешки.

Она што е новина е дека шефот на дипломатското претставништво, односно амбасадорот мора да биде државјанин на Република Македонија со универзитетско образование и познавање на два странски јазика од кој еден јазик е светски. Сега да прашам кои се светски јазици, ако може министерката или надлежносто министерство да ни каже, англискиот, францускиот, италијанскиот, шпанскиот, кинескиот, дефиниција на два светски јазика и она што се бара од идниот шеф на дипломатското претставништво е да познава два светски јазици. Дали во овој момент знае Министерството за надворешни работи колку од постојните амбасадори го исполнуваат тој критериум, познавање на два светски јазика со оглед на тоа дека во последните одредби се вели дека тие и тие лица ќе се преформулираат и од државни секретари и од државен секретар ќе станат амбасадори или генерални конзули.

Не навлегувам во способноста на постојните амбасадори или генерални конзули на Република Македонија, не сакам да навлегувам, меѓутоа ако веќе донесуваме закон за некои идни генерации тогаш што правиме со постојните. Пак им се остава определен рок во кој тие треба да го усовршат едниот од странските јазици.

Веројатно нашите амбасадори знаат барем по еден светски јазик. Не сум сигурна, ама претпоставувам дека знаат, меѓутоа, со вториот јазик останува да биде дискутабилно. Ако го донесеме законот и ќе ги донесеме сите оние подзаконски акти со кои се бара усогласување во рок од 3 или 6 месеци, тогаш овој закон ќе биде важечки, ќе стапи на сила. После сите јавни расправи, после поминување на предлогот, еве и 6 месеци нека трае целата процедура и постапка, овој закон ќе влезе во сила. Да прашам: Дали нашите амбасадори или претставници во другите држави ќе ги исполнат критериумите предвидени со Законот за надворешни работи.

Имаме специјални пратеници, имаме специјална мисија, имаме почесни конзули и ова кај почесните конзули ми остави посебен впечаток. Имено, во членот 55, почесниот член го раководи конзуларното претставништво за чие отворење одлука донесува Владата, почесниот конзул ги покрива трошоците за функционирање на конзуларното претставништво, а Министерството ќе се погрижело само за печатот, за знамето, грбот, таблата со службен назив на конзулатот, печати, таксени марки и печатен материјал, а почесниот конзул сам ќе си обезбедува, ќе си ги покрива трошоците на функционирање. Потоа во ставот 6 се вели дека почесниот конзул треба да обезбеди услови за вршење на својата функција. Овие услови се уредени со Уредба на Владата за делување на почесни конзули на Република Македонија. Значи почесниот конзул треба да си обезбеди и услови и финансиски средства, Министерството ќе му ги даде тие неопходни државни амблеми кои треба да стојат на соодветно место, каде што ќе биде сместен почесниот конзул кога ќе си најде место, а во исто време почесниот конзул треба да ги брани и да ги штити интересите на Република Македонија. Значи тој треба да биде ептен оптимист, ептен патриот кој ја сака многу Република Македонија за да човекот ги исполни сите овие услови и Владата да го прогласи за почесен конзул на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам госпоѓо Којзеклиска, меѓутоа, овој закон се донесува после 15 години и државен секретар да биде присутен, а ниту заменикот ниту министерот да бидат тука во салата мислам не е во ред. Затоа, ја молам министерката да влезе во салата.

**Марија Којзеклиска:** Добро, ако може, ако не сака не мора да влезе. Можеби на тој принцип стенографските белешки ќе и бидат доставени, па ќе ги читаат во Министерството.

**Љупчо Јордановски:** Јас ве молам, без коментар. Јас го направив она што мислев дека треба да го направам, а вие продолжете.

(министерката Илинка Митрева влегува во салата)

**Марија Којзеклиска:** Добро и јас имам право на коментар.

Значи членот 56 и членот 51 се предвидува следното. Во членот 51 е предвидено кои се надлежностите на шефот на Дипломатско конзуларното претставништво, тоа што го немаме објаснето во поимникот што значи, а претходно во членот 34 се дефинира дипломатското конзуларното преставништво, во членот 35 надлежностите на Конзуларното претставништво, во членот 56 се шефовите, кој е на дипломатско конзуларното претставни-штво, кој е на конзуларно претставништво, кој е на дипломатско претставништво, па во ставот 4 вели шефот на дипломатското и на конзуларното претставништво. Значи тотално несинхронизирана употреба на термини, а се работи за луѓе кои ќе ја претставуваат Република Македонија и тие нема да знаат дали се дипломати, дали се дипломатски претставници или се конзуларни претставници, или ние во Република Македонија, тие можеби ќе знаат, ама нема да знаеме кој е тој, дали е дипломатски претставник, дали е конзуларен претставник или дипломатско конзуларен претставник на Република Македонија во некоја земја.

Во однос на Советот на амбасадори и во однос на Дипломатскиот совет, во членот 69 се вели дека министерот по потреба, значи по потреба, а најмалку еднаш во две години го свикува Советот на амбасадорите, кого го сочинуваат сите шефови на дипломатските претставништва и амбасадорите во Министерството. Јас верувам во оптимизмот на министерката дека Република Македонија наскоро ќе добие статус на кандидат членка во ЕУ, верувам дека ние некогаш ќе бидеме и членови на ЕУ, меѓутоа, дотогаш, сеуште има време. Сега ако на 2 години ние како земја претендент да биде кандидат на 2 години, еднаш во две години ќе ги свикаме сите шефови на дипломатските претставништва, а треба да водиме интензивна надворешна политика за презентирање на Република Македонија, лобирање на Република Македонија кај останатите земји кои се веќе членки на ЕУ, искрено да ви кажам нелогички ми изгледа ваквата формулација на овој член. И пак министерот по потреба формира Дипломатски совет кој е согласно ставот 2 советодавно тело на министерот, расправа за прашања од стратешки интерес за односите и соработката на Република Македонија во странство и за меѓународните односи и меѓународното право. Самата дефиниција во ставот 2 ја негира во ставот 1, од слободна проценка на министерот дали има потреба да го свика дипломатскиот совет или нема потреба да го свика дипломатскиот совет, а самата вели стратешки интереси. И пак ќе посочам на она што го велев прееска, стратешки интерес на Република Македонија, побрз влез во ЕУ и побрз влез во НАТО алијансата, а ние дефинираме по потреба. Затоа и велам дека практичната применливот на овој закон ми паѓа во очи, покрај одредени работи. Не велам генерално за потребата од донесување на овој закон, меѓутоа, со определени ситни членови се дерогира онаа намера која постои на почетокот и во самото образлагање на министерот за надворешни работи. Потоа ја имаме главата на вработени во Министерството и во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија , правата, одговорностите и надлежностите, имаме санкции кон дипломатските и конзуларните службеници во Министерството, појава на конфликт или индиции за конфликт на интерес на дипломарско конзуларен службеник. Добро е што ова е потенцирано во самиот закон, меѓутоа, министерот за надворешни работи во овој дел, кога постои санкционирање, мислам дека треба да размисли кои мерки ќе бидат преземени со оглед на тоа дали се работи за лесна или тешка повреда, кога и самите како повреди се наведени во Предлогот за донесување на закон, како и со последиците кои ќе настанат, и да е лесна повредата, ако последиците се тешки, џабе што е лесна повредата.

На крајот после се она што успеав да го видам во овој предлог за донесување на закон апсолутно се сложувам со укажувањата на Законодавно-правната комисија кои беа и мои забелешки посебно во членот 137 со кој се бара да се укинат одредби од други закони кога ќе биде донесен овој закон, сметам дека тоа не е во ред а единствено за тоа е надлежна Законодавно-правната комисија и добро што укажала за она што го бара Министерството за надворешни работи . Меѓутоа, ќе ви кажам и од која друга причина сметам дека овој закон ќе биде тешко практично применлив и тоа во однос на надлежностите и ингеренциите на сите креатори и учесници во надворешната политика и надворешните работи.

Бидејќи сите закони мора да бидат во согласност со Уставот, ќе се осврнам и на тоа. Претседателот на Републиката, согласно членот 84, ставот 1 точка 2 алинеја 2 вели дека претседателот на Република Македонија ги поставува и ги отповикува со указ амбасадорите и пратениците на Република Македонија во странство, ги прима акредитивните и отповиковните писма на странските дипломатски претставници и тука завршуваат ингеренциите на Претседателот на Република Македонија.

Владата на Република Македонија со Уставот во ставот 1 е предвидено: следното:

" 8. одлучува за признавањето на држави и влади;

9. воспоставува дипломатски и конзуларни односи со други држави;

10. донесува одлуки за отворање на дипломатско конзуларни претставништва во странство;

11. предлага именувања амбасадори и пратеници на Република Македонија во странство и именува шефови на конзуларни претставништва".

Собранието на Република Македонија врши политичка контрола и надзор над Владата и над

другите носители на јавни функции, што се одговорни пред Собранието.

Со овој предлог за донесување на закон централно место во креирањето и извршувањето е на Министерството за надворешни работи. Тука некаде се прелеваат и ингеренциите на Претседателот на Републиката, дури имаше еден член, мислам дека беше членот 46 во кој е предвиден конфликт, доколку дојде до недоразбирање меѓу министерот за надворешни работи и Претседателот на Републиката и како би се решило тоа во случај на спор меѓу нив двајцата, а и двајцата се креатори на надворешната политика.

И на крајот, Собранието на Република Македонија, а ние сме парламентарна демократија, ова Собрание ги избира и ќе ги избира идните влади додека не се смени системот, ако воопшто се смени-значи Собранието кое избира и врши политичка контрола и надзор над работата на Владата само неколку пати е спомнато чисто така колку да го информираат што се случува со надворешната политика. Ако има потреба, ако нема ни толку нема да го информираат. И после веќе до крајот, значи до членот 139 Собранието на Република Македонија е заборавено, што сметам дека не е во ред. Можеби на некои од колегите, можеби и на министерот за надворешни работи нема да му се бендиса или не му се бендисуваше она што го кажував досега, меѓутоа, да резимирам. Имаме прва фаза, Министерството и самата министерка бара конструктивна размена на мислења во однос на уредувањето на оваа политика од сите, не само од пратениците туку и од луѓе кои се разбираат во надворешната политика и сметам дека е добро што е почетна иницијатива, за да можеме конечно да го заокружиме тој важен сегмент кој досега-срамно е, 14, 15 години да се нема една сублимирана материја за надворешни работи. Иако имаше предлози од господинот Стојан Андов за закон за надворешна политика, за надворешни работи, колку што ме држи меморијата му беше сугерирано тогаш кога се разгледуваше на комисии да почека бидејќи Владата подготвува закон, ама тоа беше пред 1,5-2 години, не се сеќава,точно. Добро е, министерот за надворешни работи после три години што го дава овој предлог за донесување на закон за надворешни работи до Собранието, а пратениците треба да си го кажат своето во однос на самата содржина на законот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор министерот за надворешни работи госпоѓа Митрева, повелете.

**Илинка Митрева:** Господине претседателе,

Ве молам ова да го сметате повеќе како процедурална интервенција, бидејќи мојот коментар се однесува на едно прашање на кое сакам да добијам одговор од вас, а се состои од следново:

Бидејќи претпоставувам дека намерата на Собранието и на овој пратенички состав, а се разбира и на министерот за надворешни работи, е да се обезбеди и развие што е можно поконструктивна и поплодна дискусија во највисокиот претставнички дом за да после 14 години за прв пат да се добие еден квалитетен закон, во моето гледање на нештата, ако и понатаму се случуваат елементарни односно базични дискусии во кои од пратениците се бара дури и толковник, сакам да ме упатите во Правилникот за работа на Собранието даи Министерството е должно да обезбеди толковник во кој што ќе објаснува што е дипломатски работник, што еконзуларен работник, дополнително на ова што е ставено во законот или некои термини кои се врзани за извршувањето на надворешните работи, се со цел и најдобра намера да обезбедиме овде една навистина конструктивна и квалификувана дискусија. Значи, моето прашање до вас е дали е потребно во текот на оваа расправа или можеби меѓу двете фази да испратиме едно дополнително објаснување со содржани елементарни поими и концепции кои што се врзани за оваа специфична материја.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо министер, прв пат ми се случува преку мене да му се реплицира на пратеник. Ова е реплика на пратеник, инаку, не би одел на тоа да оценувам дали има потреба од такво нешто. Секој пратеник има право да го каже своето мислење по законот, па колку тоа да изгледа апсурдно и нејасно на било кој. Вие сте биле пратеник, вие знаете и затоа-еве, ќе ви одговорам-не постои во Деловникот такво нешто кое вие го барате, како што и не постои во Деловникот вие тоа да прашувате и на некој начин да реплицирате преку мене. Можевте директно да се обратите до пратеникот Којзеклиска.

Повелете министре.

**Илинка Митрева:** Најмалку имам намера да полемизирам со вас.

**Љупчо Јордановски:** Јас така го сватив, бидејќи јас не спомнав толковници.

**Илинка Митрева:** Меѓутоа, мислам дека ваша должност е како човек кој што раководи со успешното функционирање на оваа институција, доколку можете да ме снабдите со информации преку кои јас би овозможила и би дала свој придонес како министер и како претставник на Владата во одвивањето на оваа дискусија, затоа што ако губиме време во објаснување на елементарни поими и тоа се свати како полемика или реплика, нема никаде да стигнеме. Дајте, ако има инструмент со кој ќе ги појаснуваме надвор од законскиот текст овие базични термини, да ме упатите. Вие тврдите дека немам, во ред, тогаш ќе разјаснуваме во натамошните дискусии.

**Љупчо Јордановски:** Тука ќе ја завршам полемиката или да кажеме размена на мислења, бидејќи вие сте биле во два или три мандати пратеник.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате една минута контра реплика.

**Марија Којзеклиска:** Не сакам да звучам дека сум многу паметна, меѓутоа, во самиот извештај почитувана министерке по предлогот за донесување на закон за надворешни работи на Законодавно-правната комисија стои дека во членот 43 ставот 1 се употребуваат поимите: агреман, егзекватура, поради што е потребно овие два поими да се дообјаснат во членот 2 од предлогот, а во членот 2 велите "дефиниции" што се однесува на значењето на поимите употребени во овој закон.

Меѓутоа, јас не знам, затоа што тоа ви е најверојатно прв закон кој ја уредува надворешната политка, но сите закони, верувајте, посебно Законот за стечај, последниот, имаше еден поимник од три страни, што се е дефинирано со тој Закон.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е стил на поднесување на закони. Не се баш сите закони. Еве таков закон постои со појмовници. Но има закони каде нема такви појимовници. Тоа зависи од тоа кое министерство е и како кој министер смета дека треба да го дефинира законот. Мислам дека околу маргинали сега расправаме. Ова е прва фаза. Ако оцени министерството дека треба и такво нешто во втората фаза, ќе се уфрлат и тие потребни дефиниции. Како на пример агреман. Ние имаме многу добар збор, согласност. Но, во секој случај тоа е веќе прашање на лектура.

Повелете госпоѓа Арифи имате збор.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници, почитувана госпоѓа министер.

Мојот денешен говор по оваа точка од дневниот ред ќе го почнам со едно прашање, секогаш актуелно, на бившиот американски државен секретар за надворешни работи Хенри Кисинџер, автор на познати дела за светската дипломатија, кој прашува дали Соединетите американски држави имаат потреба за надворешна политика и за да се одговори дека една ефективна надворешна политика се постигнува само со една свесна дипломатија за предизвиците и потешкотиите на 21 век.

Политичките и дипломатиските предизвици од 21 век се многу различни, како за големите држави кои имаат светска одговорност, зависно од капацитетите во глобалните процеси, така и за другите држави кои претендираат да бидат членки на политичките, економски и воени здружувања. Затоа во оваа смисла се поставува прашањето, дали и ние имаме потреба од закон за надворешни работи. Одговорот би бил, секако Да. Ова беше и мислењето кое владееше и во текот на расправата на Комисијата за надворешна политика каде се констатира едногласно и консензуално потребата од донесување на еден ваков закон.

Сметам дека 14 години по осамостојувањето и целосната измена на стратешките односи во регионот и пошироко е повеќе од потребен еден подлабок одраз во надворешната политика на земјата и инструментите од нејзиното остварување.

Во последните години од транзицијата регионот на Југоисточна европа од едно место на конфликти, се претвара во мирен регион и регион во кој завршува времето на конфликти и насилства и сето ова ќе се замени со нови европски понуди. Еден одговор со спротивен став од нашата надворешна политика бара, секако и наши амбиции за членство во НАТО и Европската унија. НАТО од една организација со нагласена воена дефиниција, се повеќе добива нагласена политичка димензија. Афинитетот на нашата надворешна политика треба да биде во апсорбирање на новата филозофија на НАТО, после Ладната војна и координирање на нашите заеднички интереси со оваа меѓународна организација.

Во однос на процесот на интегрирањето во Европската унија, пред нашата надворешна политика стои предизвикот, наспроти скептичноста за проширување во самата Европска унија, нешто што бара сериозни залагања и голема дипломатска активност.

Аргументите за донесување на овој закон, не се само меѓународните релации, туку и околностите внатре во нашава држава. Со Охридскиот рамковен договор се постигнуваат стабилни внатрешни односи додека имплементацијата на Охридскиот рамковен договор во себе инволвира и многу меѓународни институции. Овие нови внатрешни односи даваат можност за еден поинтегриран пристап на сите припадници од сите етнички заедници за да го дадат својот придонес за една одржлива интегрирана и конструктивна надворешна политика.

Почитувани пратеници, дозвоелте ми да направам еден осврт на неколку конкретни аспекти од овој Предлог за донесување на закон. Во Предлогот за донесување на овој закон Парламентот учествува во органите на спроведувањето на надворешната полиитка заедно со Претседателот на државата, Владата и Министерството за надворешни работи. Сакам да нагласам дека со доделувањето на оваа улога на Парламентот и во пракса треба да се зајакне улогата на оваа државна институција. Парламентот каде надворешно политичките теми се теми за кои расправа како позицијата така и опозицијата но и можноста за изградба на еден заеднички консензус во однос на заедничките стратешки интереси. Во оваа насока дозволете ми да подвлечам и неколку прашања.

Прво, прашањето за ратификација на склучени меѓународни договори се уредува со посебен закон за ратификација, Комисијата за надворешна политика во оваа фаза на функционирање има можности да расправа само по финалниот текст на овие ратификации, значи само по склучувањето на овие меѓународни договори. Сметам дека би било посходно до колку Комисијата за надворешна политика би имала можност да расправа во однос на ова прашање

пред склучување на овие меѓудржавни договори, со една единствена цел квалитетно да се подобри текстот на овие меѓународни договори, а не како што е моменталната состојба оваа Комисија да расправа само по овие финални меѓународни договори.

Второ, процесот на претставувањето на амбасадорите пред Комисијата за надворешна политика, мислам дека во соработка со Министерството за надворешна политика, посебно со соработката со вас почитувна госпоѓо министер успеавме да воспоставиме една позитивна пракса во текот на овој наш мандат. Значи сите наименувани амбасадори во разни земји првенствено да се претстават и презентираат пред Комисијата за надворешна политика. Мислам дека е време сега кога веќе расправаме за законот за надворешни работи да направиме еден чекор напред, истовремено да овозможиме именуваните амбасадори да дојдат и да ги обелоденат нивните тези пред оваа Комисија во една порана фаза, а не само во финалната фаза. По овој повод сакам да нагласам дека Комисијата ќе има можност да даде и свои размислувања и сугестии за улогата, тезите и подготовката на амбасадорите, а поаѓајќи од фактот дека тие ја застапуваат и нашава институција.

Трето, учеството на Комисијата за надворешна политика, но и членовите на другите комисии кои се занимаваат со надворешна политика да учествуваат на овие расправи, имајќи го во предвид фактот, активноста на Парламентот во меѓународните збиднувања. Во оваа многу значајна стратешка фаза во однос на лобирањето за наше зачленување во НАТО и Европската унија секој вид на дипломатско дејствување има посебно значење, вклучувајќи ја тука и парламентарната дипломатија.

Четврто, во однос на навремено информирање на плановите и националните стратегии во областа на надворешната политика ние очекуваме и посакуваме и ќе бидеме спремни да дадеме свој придонес во однос на секој подготвен план и секоја стратегија до колку навремено и во една порана фаза ни се понуди.

И за крај исклучително ми се допаѓа духот на професионалноста на дипломатијата и мислам дека ова ќе биде изградбата на нашето успешно дипломатско патешествие. Сакам да подвлечам и нагласам дека овој дух треба да оди паралелно со духот и филозофијата на Охридскиот рамковен договор, со рамноправни можности на сите граѓани без разлика на етничка припадност, полот, вероисповеста, да бидат рамноправни во нашиот иден дипломатски кор.

Почитувани пратеници, почитувана госпоѓо минситер, секако дека со Законот за надворешни работи нема да им одговориме на сите прашања на надворешната политика на глобално ниво, но ова можеби и не би требало да биде наша амбиција. Но, амбицијата треба да се заснова во структурирањето и координирањето на креаторите на надворешната политика и издигнувањето на нашето дипломатско ниво. Уште повеќе кога сме во едно време кога се расаправа во однос на идеалот на Вилсон за еден меѓународен поредок заснован врз една заедничка посветеност во однос на демократските институции, кога на големо на меѓународно ниво се расправа за прашањата на судирите на цивилизациите и културните хегемонии. Малите држави без никаков комплекс треба да имаат свои одговори и на овие прашања колку биле тие глобални за да не бидат само еден инфериорен дел на големите глобални светски процеси. Затоа почитувани пратеници, е заснована амбицијата за да се изнајде одговорот на прашањето, за каква надворешна политика имаме потреба и со кои демократски инструменти ќе ја оствариме истата. Ви благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Арифи.

Има збор пратеникот Ганка Самоиловска Цветанова.

Повелете госпоѓо Самоиловска.

**Ганка Самоиловска Цветанова:** Почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

На самиот почеток би сакала да ја констатирам неопходноста од донесувањето на законот за надворешни работи, и истовремено да го поздравам предлогот за донесување на овој закон, ненавлегувајќи во причините зошто во изминативе 14 години не беше донесен ваков закон за надворешни работи, со што е евидентно отсуството на една правна рамка во која ќе се одвиваа работите од областа на надворешните работи и тука одговорноста ја лоцирам во сите досегашни влади без исклучок. Би сакла во оваа прилика да ги напоменам последиците од една ваква состјба, односно од отсуството на законот за надворешни рбаоти. Како една од најголемите последици од недонесувањето на овој закон во изминатите 14 години, веројатно е состојбата на мешањето на компетенциите на носителите на нашето надворешно политичко претставување, како и не кордираноста помеѓу истите тие носители, односно компетенциите помеѓу Министерството за надворешни работи, премиерот и Претседателот.

Понатаму со едно вакво отсуство на законот за надворешни работи, имавме и отсуство на утврден концепт на конзистента и ефективна надворешна политика, што треба да се спроведува без оглед на промената на власт како и отсуството на национален консензус за консеквентна надворешна политика, што пак доведе до грешки при дефинирањето на нашите надворешно политички приоритети, тајминзите на посетите, нивото на соговорниците, неучеството

на одредени меѓународни конференции, самити и така натаму. Поради сето тоа не можеме а да не констатираме дека до извесна мера резултираше со драматично намалување на нашиот надворешно политички рејтинг. Како поконкретни примери би го навела примерот спорот со името на нашата држава, анализите и мерките што треба да се спроведат од наша страна, за балансирање на евентуалните последици на идниот статус на Косово, како и барањето за стратегиски партнер, сфера во која очигледно многу потфрливме до сега. Сето тоа го кажувам, истовремено истакнувајки ја мојата поддршка за донесувањето на овој закон за надворешни рбаоти, надевајки се дека во иднина со донесувњето на овој закон ќе ги избегнеме ваквите состојби и последици.

Со донесувањето на законот за надворешни рбаоти,накусо кажано, ќе се регулира и ќе се утврди една исклучително значајна и сложена материја преку создавање на правна рамка и законска основа за извршување на надлежностите од областа на надворешните работи.

При изготвувањето на овој текст што се наоѓа денес пред нас, законот за надворешни работи, забележително е користењето на така наречените компаративни искуства односно користењето на компаративни искуства на закони од други држави и во конкретниот случај забележително е користењето на компаративни искуства од словенечкиот Закон за надворешни работи, што не е нешто страшно и што не треба да се користи и во иднина. Но, сепак треба да се има предвид дека ниту еден закон од било која држава во целост може да се примени во наши услови, за македонските потреби може да биде целосно применлив, бидјеки ниту еден закон од друга држава не ги одразува нашите автентични состојби и можности, нашите надворешно политички цели, проблеми, економските, социјалните состојби, како и историските и културните традиции. Со еден збор во Република Словенија, во поглед на кадровските решенија во дипломатијата, економската состојба, својата реална позиција во меѓународните односи и надворешно политичките цели, има состојба која радикално, кога велам радикално тука мислам во нагорна линија, се разликува од Република Македонија и се надевам дека во финалната верзија на текстот на законот за надворешни работи ќе се дојде до едно законско решение кое многу повеќе ќе соодвествува и ќе одговара на македонските потреби, на македонската реалност и на нашите конкретни надворешно политички цели.

Би сакла исто така да го изразам моето задоволство што овој исклучително значаен закон се носи во редовна постапка, што треба да биде пракса во Собранието на Република Македонија, значи се носи во неколку фази и она што ни беше кажано од страна на Владата дека во меѓувреме ќе има јавни дебати во кои ќе бидат вклучени домашни и меѓународни експерти, невладиниот сектор, кои ќе придонесат со своите предлози и искуства, при изготвувањето на финалната верзија на законот за надворешни работи. Тоа е она што јас во оваа прилика навистина би сакла да го поздравам.

Во однос на конкретните забелешки на овој закон, би ги спомен ала дискусиите и забелешките на членовите на Комисијата за надворешна политика, нешто што треба да се респектира и да се има предвид, бидејќи тие беа единствени во однос на две клучни забелешки, без разлика на нивната партиска припадност и без разлика дали тие припаѓаат на опозицијата или на позицијата, а тоа е улогата како на Собранието, така и на Претседателот, дефинирани во овој текст што денес го имаме. Значи сите дискутанти на Комисијата за надворешна политика се согласија дека улогата на Собраниеот на Република Македонија, како највисока власт во државата, треба да биде многу поконкретно, подецидно дефинирана, треба да биде многу поистакната улогата во креирањето на нашата надворешна политика, имајки предвид дека овој законодавен дом односно пратениците го имаат добиено својот легитимитет и мандат од носителите на суверенитетот на Република Македонија, а тоа се граѓаните на Република Македонија.

Втората клучна забелешка за која исто така постоеше консензус, се намалентие ингеренции на Претседателот на државата, што истовремено е и во спротивност со Уставот на Република Македонија. Имано предложениот законски текст целосно не ја одразува уставната позиција на Претседателот на Република Македонија во областа на надворешните работи. Надлежностите и функциите на Претседателот на Република Македонија кои се втемелени во соодветните уставни одредби, членовите 84, 86, 119 и 120 од Уставот на Република Македонија, на соодветен начин не се дефинирани во второто поглавје-вршење на надворешните работи, како и во четвртото поглавје-дипломатско-конзуларните претставнишва на Република Македонија, во предложениот законски текст.

На самиот крај јас уште еднаш сакам да ја изразам мојата надеж дека Владата ќе остане доследна на својата претходно искажана подготвеност, да ги имплементира и вгради сите конструктивни забелешки искажани на оваа собраниска седница. Понатаму забелешките од јавните дебати кои очекуваме да се случат и да се одржат во скоро време, се со цел да добиеме едно квалитетно и издржано законско решение.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Самоиловска.

Има збор господин Илија Китановски.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Денес конечно сите заедно можеме да констираме дека, еве пред нас е предлогот за донесување на Закон за надворешни работи и дефинитивно ова е првиот чекор во легитимирањето и ставањето ред во беззаконието во македонската дипломатија, како што многу експерти и дипломати ја нарекоа оваа состојба во нашата дипломатија.

Би сакал на почетокот да истакнам дека клучен носител на оваа состојба се нормално сите влади на Република Македонија од нејзиното осамостојување до денес. Меѓутоа, со оглед на тоа дека 11 години СДС ја имаше таа можност да формира и да ја води ефективната власт во ниту еден период од ова практицирање на власта не се појави јасен интерес да се нормира оваа област, извонредна битна за општествено политичкиот живот и за меѓународната позиција на Република Македонија. Бидејќи, дневната поврзаност на надворешната политика и дипломатијата главно се остварува преку дипломатска служба во државниот систем и не сомнена е потребата од нормирање на оваа област. Ова, секако, е битно да се потенцира и да почнеме да го анализираме Предлогот за донесување на закон за надворешни работи, односно генерално забелешките кои што ги имаме на нив, пред се, од една причина зошто и до сега, а сме крајот на 2005 година, од 2002 година откако СДСМ повторно дојде на власт постојано ја слушам истата најава скоро на секои два-три месеци дека законот сега ќе гобиде, само што не е донесен итн. Во исто време односно меѓу време веќе ваков подготвен и сличен закон имаше и од пратеникот господинот Андов, кој со една леснотија беше отфрлен и од Владата и од владеачкото мнозинство.

И, сега, почитувани колеги, ќе го погледнеме и ќе го прочитаме Предлогот на закон што е пред нас, едноставно ќе останеме до крај со неразјаснети причините зошто толку време било потребно за еден ваков закон, кој во суштина е гломазен, на делови хаотичен и конфузен. Закон обременет со многу повторувања, нејасна и недипломатска терминологија, закон, во кој што има употреба на термини, кои што многу малку или воопшто не се користат во меѓународното договорно право.

Исто така, суштински по текстот на Предлогот на законот што и беше констатирано од дел од претходните говорници, а и во матичната комисија за надворешни работи, како и од други институции и експерти, не се гледа јасна разграниченост на надлежностите помеѓу претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија, како и конкретно помеѓу претседателот на државата и министерот за надворешни работи и вака упростено кажано може да се констатира дека дали задоволувањето на личните суети има предност пред застапувањето на државните интереси или е тоа некоја намера едноставно првото читање на овој закон се добива впечаток дека улогата на претседателот на Република Македонија како шеф на државата во овој закон е сведена буквално на ниво на протокол.

Како што веќе напомнав другата генерална забелешка е што се употребуваат премногу нејасни термини, иако министерката се обиде да ни објасни дека ние не ги разбираме нив и дека не знаеме, не сме стручни од таа област итн. Истите постојано се повторуваат и истите овие забелешки беа констатирани и од претходните колеги говорници, а и од членовите на Комисијата за надворешна политика.

Генералната забелешка е што непотребно се зголемени ингеренциите на Министерството за надворешни работи и единствено нешто што е позитивно и што не треба веројатно да претрпи измени и не е спорно што и во образложението, а верувам и суштински е нагласена или ќе биде нагласена улогата на Собранието на Република Македонија во креирање на надворешната политика.

Факт е дека овој Предлог закон ќе ја помине собраниската процедура, како и многу други претходно донесени закони и секако дека во оваа прва фаза, а посебно меѓу првата и втората фаза, ќе треба не само формално туку и суштински да се покаже транспарентност, соработка и јавна расправа, за да се покаже нвистина конструктивната немра на Владата да се донесе квалитетен закон, затоа што еве за прв пат од осамостојувањето на Република Македонија се нормира оваа многу важна дејност.

Исто така, во контекст на предложениот закон и на неговото доцнење мора да се потенцира и фактот кој што е доста воочлив во изминатиот период, а тоа е дека вакумот до донесување на овој закон максимално се користи и се злоупотребува дури за згрижување на партиски кадри од редовите на владеачката карнитура и нивно здомување во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија без соодветни квалификации и знаења. Не зборувам генерално, зборувам за поединечни случаи.

Затоа , како опозиција апелираме овој тренд на партиска дипломатија да престане, затоа што тоа пред се и над се и штети на угледот на Република Македонија и нејзината позиција, посебно сега кога е во ситуација да го чека позитивното мислење од Европската комисија околу добивањето на статус земја кандидат.

Овие состојби имаат значајно влијание и врз внатрешните односи, како и врз стабилноста кај нас и објективно немањето на нормирање, немањето закон од оваа област, објективно придонесуваат за забавување на процесот на стабилизација на местото на Република Македонија на меѓународната сцена, ако не и за забавување на нејзиниот напредок кон европските интеграции. Исто така, и при третманот на најзначајните теми во напорот за зачувување на националниот суверенитет и интегритет и на интересите на Република Македонија во остварувањето на надворешната политика. И покрај се, и покрај сите забелешки и слабости кој

што ги има овој текст на предлогот за донесување на закон, мора да се потенцира фактот дека конечно оваа област мора да се среди, да се нормира, затоа што и лошиот закон е секогаш подобар од ситуација кога нема закон, како и фактот дека една современа дипломатска сллужба на самостојна и суверена држава мора да биде покриена со квалитетен заком. Ова пред се, значи дека причината за критиките не е предизвикана од фактот што како опозиција мораме да критикуваме, туку од фактот за кој сум длабоко убеден дека ќе биде и јавно искажан и поткрепен од стручната јавна ра справа и од експертите дека овој закон во могу сегменти треба да се доработи во некои да се промени, а се со цел во оваа фаза да се изработи квалитетен закон кој што ќе биде прифатлив и корисен за Република Македонија, пред се како и за успешно функционирање на македонската дипломатска служба.

Затоа, на крајот уште еднаш би сакал да апелирам до Владата на Република Македонија и до министерката за надворешни работи да бидат кооперативни во однос на забелешките и мислењата кои што ќе бидат изнесени и во текот на собраниската расправа, во текот на двете фази на носење на овој закон, како и од јавните експертски дебати, посебно од нив, исто така и од опозицијата. Затоа што, таа конструктивност и од таа конструктивност најголема корист ќе има пред се Република Македонија и нејзината надворешна политика и надворешна позиција.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски,

Има збор пратеникот Ристова Каролина.

Повелете госпоѓа Ристова.

**Каролина Ристова:** Благодарам господине потпретседател.

Јас мојата дискусија ќе ја насочам кон она што чекам дека ќе значи подобрување на текстот на законот. Самата министерка во своето излагање го нагласи и значењето на законот и сите сме свесни за тоа, така што нема потреба постојано да го апосрофираме. Единствено, ќе ја поздравам чувствителноста на Министерството и на самата министерка дека Законот трева да оди во две фази, за да може навистина да се добие најквалитетен можен текст.

Во оваа фаза би сакала да искажам некои мои коментари на поддршка за некои решенија, да кажам некои забелешки кои што мислам дека се во функција на подобрувањето на текстот, некои се дури и со карактер на дилема. Притоа, нема да одам на номотехничкиот дел, кој што не значи истовремено и суштинска интервенција, бидејќи сметам дека во номотехниката може да се интервенира и преку Законодавно-правната комисија и преку амандмани во следната фаза. Значи, не оние што се без некое суштинско значење.

Да одам по ред. Во членот 6 сметам дека суштински терминолошки не се доволно јасно разгранични улогата на шефот на државата, МНР и Собранието во однос на определувањето и утврдувањето на општите насоки на надворешната политика на земјата, вклучително и прашањата од меѓународните односи со импликации за безбедност и одбрана на земјата.

Најпрво, односот Собрание - извршна власт, опфатено на другата страна кај извршната власт, Министрството за надворешни работи и Владата и како што стои во координација со претседателот на државата. Ако Собранието ги разгледува и утврдува овие општи насоки на надворешната политика, што сугерира некаква конечност или некакво конечно легитимирање на тие општи насоки, тогаш според мене нема логика во претходниот став, став 2, да стои дека Владата преку МНР, а во координација со претседателот на Републиката ги определува тие општи насоки, што пак истовремено сугерира некоја дефинитивност на тие општи насоки, а кои Собранието ги разгледува и утврдува.

Друг момент кој што е битен во формулацијата, а потоа ќе го кажам и мојот предлог е што е различен односот што Собранието го има према Владата и према шефот на државата односно спрема двата столба на извршната власт. Генерално па и во надворешната политика, тие односи се различни, бидејќи Собранието ја бира и политички ја контролира Владата, а сосема е поинаков односот на Собранието според нашата уставна поставеност со шефот на државата, по што исто како и Собранието е директно избран од граѓаните и не е подложен на таквата директна политичка контрола од Собранието, освен што Собранието може со двотретинско мнозинство да му покрена процедура на одговорност, односно популарно познато како импичмент. Значи, на некој начин парламентот и Шефот на државата имаат ист легитимитет и сега сето ова ставено конкретно низ формулацијата на членот 6 сметам дека е неприфатливо да стои, дека Владата преку МНР, а во координација со претседателот ги определува општите насоки на надворешната политика. Со други зборови сметам дека треба формулацијата да биде дека Владата преку МНР ги формулира или предлага алтернативно од овие два изрази, ставовите на надворешната политика во согласност со шефот на државата, а потоа дека Собранието ги разгледува и утврдува. Значи, тој дел останува ист. Интервенцијата е во делот не определува, туку формулира и во делот не во координација, туку во согласност со шефот на државата. Мислам дека тоа е посоодветна формулација на Уставната поставеност на нашиот систем.

Овде што мене ми се јави како прашање и сакам овде јавно да го кажам е дека ако ова се разреши, тогаш како таквите усогласени општи насоки му се презентираат на Собранието. Владата или можеби шефот на државата на своето годишно обраќање.

Од членовите 10, па и 11 што следуваат потоа подолу во текстот на законот, генерална е

определбата дека тоа треба да го прави Владата. Иако, во самите тие членови повеќе станува збор за друг вид на материја, а тоа е дека Владата редовно го информира и Собранието го исвестува за целокупната позиција на надворешната политика, меѓународните односи, може да бара заземање на некаков став, а не експлицитно на самите општи насоки на надворешната политика. Ценам дека може би е тоа во ред пристап, но со огед на различната позиција на Владата и шефот на државата спрема Собранието, ако гледаме како на редовна основа се прави таа комуникацијам треба прашањето сепак да се преиспита како сето тоа ќе изгледа и дефинитивно да се прецизира и да се усогласат членот 6 за кој што стана збор и членот 10 и 11 во однос на тоа овие формулирани општи насоки на надворешната политика како ќе се ставаат и кој ќе ги става на разгледување и утврдување од страна на Собранието. Ако е тоа Владата, тогаш кога ќе се прави тоа, дали на почеток на годината, дали на крајот на годината, значи гледано практично тоа сигурно ќе биде еден момент од време или од период или од период на обраќање. Кога сум веќе кај членот 10 сметам дека е добро решението "министерот за надворешни работи да поднесува извештај за остварување на надворешната политика и меѓународната положба", тоа е добро од аспект на демократското легитимирање на политиката пред народните избраници и преку јавноста на дебатата и пред самите граѓани и дека тоа е некој механизам на манифестирање на политичка контрола и следење од страна на Собранието во однос на работата на Владата во надворешната политика. Единствена корекција што јас тука би ја направила, а мислам дека и во јавноста се покрена дилема околу тоа, е дали е тоа пленумот или пак пред работното тело на Собрнието надлежно за надворешна политика. Ако јас се прашувам и сегашната формулација дека се обраќа, поднесува извештај еднаш годишно на Собранието, нужно подразбира веднаш пленум, туку може да значи и надлежно тело за надворешна политика. Меѓутоа, ако го земеме системски да го гледаме текстот на законот, бидејќи во еден друг член од текстот конкретно се употребува надлежно тело за надворешна политика, тоа е членот 44 каде што се зборува за обраќање на амбасадорите со своите тези, тогаш во едно такво системско толкување, повеќето ќе толкуваат дека во овој член 10 ќе се подразбира тоа обраќање дека е пред пленумот. Затоа, лично би сугерирала во самиот член да стои дека тоа обраќање се одвива пред работното тело на Собранието надлежно за надворешна политика. Аргументите мислам дека се веќе изнесени и во јавноста во голем дел, со оглед на компонирана цирелатика на Владата со Собранието. Меѓутоа и друга релевантна за нас причина е она што ние веќе го имаме како парламентарен обичај создадено во делот на европските интеграции не со закон, меѓутоа со политичка декларација, што исто така е акт на ова Собрание, а тоа е во делот на евроинтеграциите на секои три месеци Владата поднесува извештај до Собранието, кој што извештај се гледа преку надлежното работно тело на Собранието, а тоа е Комисијата за Европски прашања. Ако сме консеквентни, тогаш работните тела на Собранието и во едниот и во другиот случај треба да имаат ист третман и иста пракса.

Членот 14, навистина, ми е голем знак на прашалник. Се работи за членот со кој ако се појават различни ставови за некои прашања од надворешната политика, Министерството за надворешни работи во име на Владата или претседателот на Републиката, можат да му предложат на Собранието да расправа по тоа прашање, а неговите заклучоци да бидат обврзувачки за сите органи на државната управа во однос на нивните активности во меѓународните односи.

Првиот проблем кој што ми е всушност и главниот е не во првиот, туку во вториот став, во кој што практично нашите заклучоци како Парламент треба да бидат обврзувачки за органите на државната управа во меѓународните односи. Јас не знам зошто во Законодавно-правната комисија тоа не го индентификувала во својот извештај дека овде има проблем од уставен карактер, бидејќи според членот 96 од Уставот јасно се вели дека органите на државната управа за својата работа се одговорни пред Владата.

Ние како Парламент носиме закони и на еден апстрактен начин можеби сме шефови на сите во делот на тоа што значи закондоавство. Значи ние можеме да носиме закони за државната управа, меѓутоа смислата во која Што овде е наведено како заклучоци кои што ние директно преку дезавуирање на политичките именители на извршната власт директно ќе донесуваме образувачки заклучоци за органи на државна управа, кои што во член 96 се поставени така како што се поставени и уставен проблем се според мене.

Значи, за вториот став од членот 14 дефинитивно сметам дека е надвор од уставната поставеност на Собранието во областа на надворешната политика. Ние треба енергично да ги браниме своите уставни ингеренции, но и енергично да ги почитуваме уставните ингеренции на другите столбови на власта, а не заради некакви наши парламентарни суети да настојуваме да бидеме таму каде што не треба да бидеме. Посебно политичката димензија на сето ова односно гледано политики ефективно Собранието по дефиниција, тоа е некој вид на втора дилема нема позиција да биде неутрален арбитер, па макар и за политички конфликт меѓу шефот на државата и Владата од најмалку две причини.

Прво, шефот на државата по својот легитимитет не може да се каже според сегашната наша уставна поставеност дека е нешто повеќе или помалку од Собранието бидејќи иде на директни избори и не е под политичката контрола на Собранието во истата релација како што е Владата.

Втората причина е што таквото арбитрирање би го вршело собранискотo мнозинство кое што по дефиниција политички ја поддржува Владата, да не кажам дека е во љубовна врска со Владата, иако во политиката многу љубов нема, меѓутоа уште покомплицирано ова ќе станува ако парламентарното мнозинство кое што ја поддржува Владата е во политичка кохабитација со шефот на државата, кој што е со друга политичка ориентација, треба да се постави во улога на некаков неутрален арбитер.

Значи, тоа е таа дилема, но во однос на првиот став дека Собранието расправа во една таква ситуација за мене е прифатливо. Не е прифатливо во делот на носење на некакви обврзувачки заклучоци, меѓутоа прифатливо ми е под одредени услови, прифатливо од аспект на некаква политичка, јавна проверка на сопствените позиции и аргументи што ги имаат Владата и шефот на државата во еден таков конфликт и така можеби пред јавноста  да се изнесе силината на аргументите на едниот или на другот столб на извршната власт и кое што може да изврши притисок и да ги приближат своите позиции во зависност од расположението на уставната позиција и опзиција. Но. ако се задржи ваквиот став, ставот 1 тогаш сметам дека таквиот предлог на разгледување, не да биде ставено на иницијатива да се предлага или од Владата или од шефот на државата како алтернативно туку да биде нивна взаемна согланост, тие заеднички да решат својот конфликт да го изнесат на политичко арбитрирање пред Собранието. Во таков случај треба да се види можноста дали заклучоците што би ги донело Собранието не би биле заклучоци на парламентарното мнозинство, туку можеби би се барало на повисок ценզус на гласови, 2/3 мнозинство, бидејќи станува збор за амбиција да се арбитрира помеѓу двата столба на извршната власт.

Меѓутоа, и јас имам многу дилеми околу ова и затоа мислам дека треба да се побара до следната фаза на законот можеби прелиминарно мислење и од Уставниот суд за оваа проблематика, некои споредбени искуства, иако министерката спомена дека и во оваа фаза се гледале многу споредбени искуства и тоа можеби да се концентрира повеќе на политичките системи кои што се идентични или слични, блиски до нашиот, бидејќи нашиот е специфичен модел во делот на тоа што е парламентарна демократија меѓутоа со елементи на полупретседателски систем и со елементи на собраниски систем во делот на Парламентот.

Членот 22 предвидува Министерството за надворешни работи да врши координација за учество на Република Македонија во заедничката надворешна и безбедносна политика и со придружувањето или непридружувањето кон заедничките позиции на Унијата кои се објавуваат во Службен весник.

Тука имам една информација, може министерката е веќе информирана, а може да биде и предлог за размислувања, на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија која ги гледаше во неколку наврати месечните извештаи на Владата во однос на состојбите во евроинтеграцијата донесе заклучок со кој што согласно нашите надлежности како Комисија да даваме препораки до другите работни тела да дадеме препорака до Комисијата за надворешна политика во еден временски интервал кој можеби се поклопува со временскиот интервал што Владата, односно Министерството за надворешни работи го прави во однос на Владата да има шестмесечно известување за позначајните заеднички позидии кон кои што се придружила Република Македонија. Значи за подобро информирање на Парламентот во тој дел. Ние мислевме тоа да го покренеме како препорака до Комисијата за надворешна политика, меѓутоа сочекавме да ги видиме законските решенија. Значи, да не се остане само на тоа тие да бидат објавувани во Службен весник, туку да бидат во една координација меѓу Комисијата за надворешна политика на Собранието и Министерството за надворешни работи, а во рамките на тие шестмесечни интервали во кои што се информира и самата Влада и позначајни позиции кон кои Република Македонија се придружила да бидат реферирни и информирани самите пратеници во однос на овие заеднички позиции. Значи, ова е прашање за размислување, може да влезе и во самиот законски текст во овој член како нов став, или пак ако тоа не се случи не е ништо лошо да остане во рамките на она што ние мислевме да го направиме како препорака.

Членот 34 став 2 алинеја 6 вели дека дипломатското претставништво ја следи внатрешната и надворешната положба и активност на државата на приемот. Значи, странската држава во која имаме диплоамтско претставништво односно Меѓународната организација и тоа да го известува Министерството за надворешни работи кое информациите ги проследува до претседателот на Републиката.

Бидејќи шефот на државата е тој кој што ги именува амбасадорите кои ги водат дипломатските претставништва односно амбасадите и постојните  министри при меѓународните организации и специјалните емисии, ова е повеќе како прашање на кое може и во расправата да се одговори не ли е пологично и од уставен аспект покоегзистентно наместо Министерството за надворешни работи да му биде поштар на шефот на државата тие дипломатски претставништва директно да комуницираат односно нивните шефови директно да комуницираат со шефот на државата односно да го информираат, или е тоа веќе прашање кое што е регулирано споредбено на овој начин, или пак се трнгало од некаква принципиелна економичност од аспект на трошоци во дипломатската пошта и сл. Ова сакам чисто како информација ако може да ми се одговори за да

можам да го дефинирам својот конечен став и ако може да се јави и политички и уставен проблем ако информациите не одат директно на шефот на државата, мора да мислиме на сите ситуации, што ако Министерството за надворешни работи не ја исполнува таа своја обврска затоа што е во некаков конфликт со шефот на државата и кохабитира и сл. Значи, дали е потребна таа директна комуникација и кои се причините, дали е тоа дипломатски обичај или надворешно политички обичај и кај нас и на друго место, или се работи за прашања на трошоци. Би сакала за ова ако може во расправата, или на крајот по мојот настап, или генерално да добиеме појаснување, бидејќи мене лично ми е прашање за размислување.

Членот 44 став 3, го поздравувам предлогот за законското верифицирање на парламентарниот обичај создаден во мандатот на овој собраниски состав.

Комисијата за надворешна политика да ги ислушува тезите на кандидатите за амбасадори, односно именуваните амбасадори. За тоа зборуваше и мојата колешка Теута Арифи и мислам дека досегашната пракса покажа дека тоа е одлично решение за поголемо дефинирање на кадровскиот избор на амбасадорите, а и своевиден притисок за во иднина. Подобро пратениците се информираат и стануваат чувствителни околу прашањата на надворешната политика, а и во однос на билатералните односи со земјата во која што заминува амбасадорот. Праксата покажа дека е тоа добро решение и добро е што законски се верифицира.

Членот 44 последниот став, според кој во отсуство на амбасадор министерот раководењето на дипломатското претставништво му го доверува на вршителот на работите. Во таков случај тој му издава акредитиви. Колку што се сеќавам на првите расправи ова беше едно од прашањата на кои што се реагираше од страна на шефот на државата. Според мене сосема во право бидејќи дали со ваквото решение не би се создале законски предуслови да се изигрува уставното решение односно интенцијата на намерата на уставотворецот шефот на државата да биде тој кој што ги именува амбасадорите во странство, особено ако не се согласува со предлогот на Владата и Владата тоа на еден начин си го премости да ја добие таа согласност од шефот на државата со едно вакво решение. Тоа не е популарно и е ризик за секоја влада бидејќи јавноста тоа ќе го следи, ќе го дознае и ќе губи Владата поени за тоа, меѓутоа сепак ние законите не треба да ги базираме на политичкиот сенс и само на политичарите и на Владата, туку да обезбедиме законски гаранции за доследно спроведување на уставните решенија. Затоа сметам дека во ваквите случаи со право ссе бара да се добие претходна согласност од страна на шефот на државата.

Понатаму, кога го проучував текстот ми стана нејасно зошто има еден член, членот 59 каде што се вели дека доколку во една држава не е именуван шеф на дипломатско конзуларно претставништво министерот именува вршител на работите во дипломатско конзуларното претставништво во државата на приемот, односно меѓународанта организација. Именувањето на вршител на работите се врши со пристапно писмо на министерот до Министерството за надворешни работи на државата на приемот. Ова мене ме збунува. Дали се работи за истата ситуација, ако е таа тогаш зошто два вакви члена, а ако не е тогаш која е разликата би сакала мене како законодавец тоа да ми биде појаснето за да го формулирам својот конечен став за следната фаза. И ако има разлика нели би било подобро тоа да биде рагулирано во ист член а во два различни става.

Член 47 став 3 не е проблематичен од аспект на Уставот. Во предлогот се предвидува дека заради незадоволителни резултати и причинета штета за интересите на државата претседателот на Републиката може до Владата да упати барање за поведување постапка за отповикување на амбасадор или специјален пратеник.

Според членот 91 од Уставот Владата ја има иницијативата само во однос на предлагањето на амбасадорите, зборувам за експлицитната терминологија, значи граматично толкување, иако експлицитно е логично да може да предлага и разрешување, но сосема е јасно од членот 84 дека шефот на државата е оној кој што ги поставува и ги отповикува со указ амбасадоротие. Ако ги земеме овие членови во едно системско толкување сосема е јасно дека претседателот поставува амбасадори само по иницијатива на Владата и тука е уставно врза, тука нема никаква самоиницијативност од страна на шефот на државата, но може да разрешува само по предлог на Владата, туку и по сопствена иницијатива. Тоа би било системското толкување. Шефот на државата нема сопствена иницијатива во однос на предлагањето, но ако се спојат овие два члена, член 91 и член 84 од Уставот ќе се види дека во однос на разрешувањето ситуацијата е малку поинаква односно решението во ставот 3 од членот 47 не треба да стои дека шефот на државата по барање на Владата односно треба да побара од Владата Владата да покрене иницијатива за разрешување на амбасадор, туку дека ќе може и по сопствена иницијатива да врши такво отповикување.

Членот 49 се однесува на поставување на амбасадори односно шефови на дипломатско конзуларни претставништва, а во ставот 1 се вели дека за амбасадор се поставува или професионален дипломат од Министерството за надворешни работи или јавна личност афирмирана во областа на надворешната политика и меѓународните односи. За јавна личност која што е афирмирана во областа на надворешната политика и меѓународните односи сметам дека е претесна формулација бидејќи амбасадор практично може да биде јавна личност

која што на овој или оној начин е врзана за меѓународните односи и надворешната политика, меѓутоа кои што имаат конвенционално значење што се меѓународни односи, што е надворешна политика, а на еден начин со тоа се исклучуваат некои други јавни личности кои што имаат голем углед во нашата земја, имаат голем углед во некоја странска држава или генерално во странство, или кои што имаат специфични врски, углед, успех и познавање само во однос на одредена земја, а кои што не можат строго да влезат во појмот надворешна политика и меѓународни односи. Ние сме имале такви случаи, на пример професор Луан Старова, или некои други личности кои што не строго се занимавале со надворешна политика и меѓународни односи, но имале специфични врски со одредена земја што гарантира и верува дека ако биде поставен за амбасадор навистина ќе придонесе за унмапредување на односите со таа држава. Во таа смисла јас би интервенирала тука со тоа што за формулацијата имам две варијанти.

Едната формулација е да биде афирмирана јавна линост особено во областа на надворешната политика или меѓународните односи, што не ги исклучува другите категории на јавни личности, или на сегашната формулација во законот би додала во продолжение "со своите посебни заслуги, познавање и врски со државата на приемот може да даде посебен придонес за унапредувањето на билатералните односи со неа", а не исклучиво личности кои што се занимавале со конвенционалното значење на надворешната политика и меѓународните односи.

Во ставот 2 го поздравувам решението со кое што се обезбедува законска гаранција, во предложеното решение 2/3 од вкупниот број на шефовите на дипломатски претставништва на Република Македонија се од составот на дипломатските и конзуларните службеници на Министерството, што сметам дека е огромен чекор кон професионализацијата на овој кадар како правило, а не како исклучок. Единствено би побарала коментар од министерката или од претставникот за законот како е направена оваа математика, дали во наш контекст е преамбициозно и пребрзо да се направи и тој сооднос, бидејќи тоа може и да се менува во иднина. Значи тука би било само дали би било 1/2 или 2/3, меѓутоа тенденцијата и гаранцијата законска за професионализацијата е секако голем чекор напред.

Членот 56 став 2 предвидува дека шефот на дипломатско конзуларното претставништво непосредно е одговорен пред министерот за надворешни работи за спроведување на надворешната политика и надворешните работи на Република Македонија во државата на приемот и за однесувањето согласно со неговите упатства, насоки и овластување. Мислам дека ова треба да се смени и да гласи дека тој е одговорен пред претседателот на Републиката, Владата, пред и или преку минситерот повторно заради уставните решенија во однос на позицијата и на шефот на државата и на Владата во однос на амбасадорите. Во секој случај Уставот наметнува една дуална комуникација, координација и одговорност на шефовите на дипломатско конзуларните претставништва. Впрочем и некои други решенија во самиот Предлог на закон упатуваат на тоа. Значи и тука би бил аргументот консеквентно, како што на пример во членот 46 се предвидува и шефот на државата и Министерството, односно Владата може да го отповикаат шефот на дипломатско конзуларното претставништво назад во земјата заради консултации. Во овој контекст не ми е логично да има малку поинакво решение.

Во однос на членот 78 имам прашање односно дилема во однос на општите услови за вработување како дипломатско конзуларен службеник.

Зошто не е вклучена, како посебен општ услов, и потврдата за неосудуваност, како што се тоа вообичаените стандарди. Дали тоа се смета дека е опфатено со Законот за државни службеници и Законот за работни односи, каде јас не успеав да ги проверам рершенијата, меѓутоа, од таму каде што се реферира во Законот за надворешни работи се зборува дека овие закони се однесуваат за правата и обврските од работниот однос Значи не е јасно дали овие општи услови се издвоени и се различни при самото вработување, па е исклучено ова, или зошто не е вклучен условот за неосудуваност.

Потоа, зошто покрај општата здравствена способност кај посебните услови се бара психофизичка способност. Нели е тоа опфатено со општиот услов за општата здравствена способност. Не ми е јасно каква е таа посебна психофизичка способност што не е покриена кај општите услови. Тука можеби е потребно појаснување.

Во членот 79, последниот став, каде како соодветно работно искуство за кандидати за дипломатски и конзуларни службеници се смета искуството стекнато во органите на управата и да работи од меѓународните односи, научни, високошколски установи и меѓународни организации.

Тука имам предлог да се најде, иако денес немам баш соодветна конкретна формулација, меѓутоа, смислата е да се земе во предвид и работното искуство во угледни национални или меѓународни невладини организации, тинтенкови или истражувачки центри и други сродни организации и институции кои се занимаваат со надворешна политика, меѓународни односи и на нив блиска проблематика. На пример, зошто работното искуство во еден Амнест центар интернешенел, Хјуман рајдс воч, или еден тин -тенк, како што јас сум стажирала во Центар Тиџинг Интернешенел, не би било релевантно работно искуство во смислата на членот 79 последниот став.

Членот 90, одговорноста за тешка повреда на службената должност, каде една од варијантите е

распоредување на друго работно место од понизок ранг, или престанување на работниот однос. Како тоа ќе се реализира во однос на амабасадорите, кои се поставуваат со указ на претседателот, кои истовремено се во работен однос во Министерството за надворешни работи. Тука дали има разлика? Синоќа кога размислував, кога се подготвував за седницата ми се наметна прашањето дали има разлика, дали оние кои се сега амбасадори, во текот на службата, или амбасадори кои се по звање амбасадори во Министерството за надворешни работи, дури и кога не се во служба во странство туку во Министерството за надворешни работи. Дали тука не е потребна некаква координација, взаемна согласност, особено кога ќе се земе предвид и членот 89 од Законот, каде се предвидува дека звањето амбасадор го дава и одзема Претседателот на предлог на министерот, а во име на Владата и како тоа да му престане работниот однос како исклучива мерка на министерот, а да му остане звањето амабасадор, ако нема согласност од Шефот на државата. Значи, овде сугестијата моја за следната фаза е дека треба да се расчисти, односно тешката повреда на дисциплинската одговорност опфаќа взаемна согласност, односно опфаќа взаемна согласност на шефот на државата и Владата преку министерот, нешто слично решение како во членот 100, каде за ситуациите на одземање на дипломатските звања за амбасадорите се предвидува дека министерот поведува постапка за одземање на звањето, според членот 99, каде се вели дека тоа одземање го прави шефот на државата.

За членот 100 ме интересираат два основа за одземање на звањата, и тоа првата и втората алинеја, како и определен стандард за одземање, осуденост за кривично дело за кое е пропишана казна во траење од најмалку две години-зошто не повеќе или зошто не помалку. Значи овде чисто барам објаснување за да бидам подобро информирана и за мојот конечен став.

Во однос на вториот основ, односно втората алинеја, се вели дека звањето се одзема по правосилна пресуда на Меѓународен кривичен суд или Меѓународен трибинал за злосторства сторени во поранешна Југославија. Незнам дали тоа е точно формален назив, меѓутоа, треба да се види убаво, да стои убаво во законот. Исто така, треба да се провери и од Министерството за правда и други експерти од областа на Меѓународното кривично право и Меѓународното хуманитарно право, дали оваа формулација или работа како основ за одземање на дипломатско звање не треба да биде пошироко дефинирана. Прво што ми текна кога го прочитав овој основ е зошто на пример не би важела и пресуда на судот од Руанда, кој е исто така во режимот на Организацијата на ОН, со која што сме обвинети. Теоретски многу тешко може да се случи, меѓутоа, пак ќе кажам правно, ние мораме да имаме решение кое ќе соодветствува. Исто така, што со пресуди на судови на други држави кои по логиката на универзална јуриздикција за тешки повреди на меѓународното хуманитарно право судат странски државјани за конфликти во странски држави, а јас конкретно знам за случај и за јуриздикција што е прогласена од судовите во државата Њу Јорк во САД, каде таков спор на пример се водеше за Караџиќ. Што со таа алинеја во однос на ваквите можни варијации, или пресуди на странски судови со кои имаме вземно признавање на пресудите. Значи дали тука не би требало да стои: И други меѓународни судски инстанци признати од Република Македонија и пресуди од странски судови согласо спогодби за взаемно признавање на судски пресуди. Пак ќе повторам, тука да се направи консултација со Министерството за правда.

Членот 109: не ми е јасно како ќе изгледа тоа министерот да поддржува кандидатура на друг државјанин на Република Македонија за работни места и функции во меѓународните владини организации, ако претходно во став 1 се вели дека за таа работа практично има интерен конкурс. Какко тие други македонски државјани надвор од Министерството за надворешни работи ќе дознаваат за позициите во меѓународните владини организации, дали тие надворешни лица се директен предлог на министерот, на Владата преку министерот. Значи повторно и за ова барам одредено појаснување.

И конечно, го поздравувам членот 119 и 120, со кој што можеби тоа било досега законски регулирано, но сега како чиста македонска регулатива се регулира статусот на сопружникот, придружникот на вработениот во дипломатско конзуларните претставништва, а ова е многу важно околу паралелната дебата што ние ја имавме за одредени права и првилегии за други категории, како што се пратениците, значи овде тоа се предвидува. Прво ми се допаѓа современиот термин сопружник-придружник, што е многу добар пристап што го поддржува, како и во однос на децата на вработениот. Овде се работи за она што значи издршка, што значи можност за мирување на работното место, враќање на работното место, она што значи можност за флексибилност, за евентуално вработување во дипломатско конзуларното претставништво и државата да плаќа 50% од школарината за нивните деца додека се на службување. Значи практично има еден сеопфатен пристап.

Ова се сите мои сугестии за подобрување на верзијата на законскиот текст во следната фаза. Уште еднаш ќе го поздравам изготвувањето на овој Предлог за донесување на закон за надворешни работи, кој конечно треба да ја обезбеди правната рамка на функционирањето на надворешната политика на Република Македонија и нејзината релевантност и добро функционирање во меѓународните односи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Процедурално, за збор се јави пратеникот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Госпоѓа Каролина го ислушав вашето излагање, но незнам од каде имате право и храброст на почетокот на вашата дискусија да давате . . .

**Љупчо Јордановски:** Не е тоа деловнички, тоа е реплика. Имате реплика, повелете.

**Јанаќе Витановски:** Еве, нека биде реплика. Како можете да давате оценка и ваши ставови за работењето на ЗПК, со кое право? Вашата дискусија беше или дел од вашата дискусија беше по Извештајот на ЗПК. Сметам дека нетреба така да се однесуваме и кога се дискутира, се дискутира за она што е на дневен ред, а не да се дава оценка за работењето на некое работно тело. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика, повелете госпоѓо Ристова.

**Каролина Ристова:** Навистина ме изненадува коментарот на колегата, затоа што јас искажав чудење за некои уставни прашања што не се регистрирани од страна на ЗПК, бидејќи нејзината основна надлежност е да гледа дали предлогот на некој закон е усогласен со Уставот и јас како пратеник, колега Витановски, имам апсолутно право на мое мислење и оценка дали некое работно тело ја завршило или не ја завршило својата работа, а плус тоа не беше наменето да предизвика ваква реакција.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Златно правило: не е битно вие што мислите, битно е другите што мислат.

**Каролина Ристова:** Деловникот што кажува? Јас имам деловничко право.

**Љупчо Јордановски:** Секој си свати на свој начин. Затоа велам дека не е битно некој што мисли за себе, битно е другите што мислат.

Процедурално, повелете госпоѓо Ристова.

**Каролина Ристова:** Како претседател кој што треба да се грижи за спроведување на Деловникот, дали вие како претседател и ние како пратеници немаме обврска и право да внимаваме дали работните тела ги реализираат своите надлежности и дали имаме право на оценка на тоа. Еве, да расчистиме. Тоа беше објаснување на колегата Витановски.

**Љупчо Јордановски:** Тоа беше мојот коментар. Имате некое недоразбирање. Имено, и господинот Јанаќе така го сватил тоа, па има право да го каже, како што и вие имате право да го кажете тоа што сте го кажале.

Повелете господине Андов, имате збор.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Господине претседателе, господине заменик министер, ако дојде министерката и неа ќе ја поздравиме, почитувани колеги,

Сакам да го изразам моето задоволство што денес ние расправаме по Предлогот за донесување на законот за надворешни работи, што е со задоцнување, но сепак е добро што тоа се случи. После приемот во Обединетите Нации ги давав тие иницијативи да се изготви таков документ од проста причина што многу ме иритираше референцата Поранешна Југословенска Република Македонија, а токму во оваа област бевме принудени да го применуваме Законот од Поранешна Југославија во надворешните работи. Мислам дека тоа е и една легитимација кон странство и дека што поскоро треба да донесеме наш закон. Дури и самиот во 2000-тата година, заедно со уште еден тогашен пратеник, се решивме да предложиме закон за надворешни работи и истиот предлог го поднесов на 20 јануари 2003 година. Потоа секоја година, 2004 година го поднесов законот, сега уште малку ќе биде три години во 2006 година, постојано Министерството за надворешни работи изјавуваше дека ќе поднесе предлог, а еве дури сега го поднесува. Меѓутоа, сето тоа се заборава и му простуваме и на Министерството за надворешни работи и на Владата. Сите нас мислам дека треба да не радува оваа можност што работиме на донесување на Закон за надворешни работи, тоа е најважно. Ова е системски закон, морам да ви кажам дека, иако предлогот што го дадов не беше поднесен овде на расправа, постојано имаше некое двосмислено мислење на Владата која ја спречуваше расправата. Меѓутоа, мислам дека за вакви акти подобро е предлагач да биде Владата. Мислам дека сега е добра работата и сме во добра состојба да донесеме добар закон.

Општо земено, сакам исто така да кажам дека, на страна одделни забелешки, овој текст кој е сега даден овде со сите слабости ни дава за право на сите во оваа фаза да гласаме за овој Предлог за донесување на закон. Тоа е нашиот и мојот став.

Инаку, мислам дека недостатокот на овој закон го плативме со нарушување на угледот, со разни недоразбирања и тн., особено во надворешната политика и непромислени потези, непроверени потези и тн. Сега ако биде добро расположението кај сите нас се надевам ние да го донесеме овој закон. Денес да го донесеме Предлогот за донесување на закон и во еден разумен рок да го добиеме Предлогот на закон и во постапка која овозможува тој предлог да се дотера овде во Собранието, дефинитивно да го донесеме законот.

Пред се, ќе се задржам на некои отворени прашања кои постојат сега во овој текст што ни е приложен сега како Предлог за донесување на закон, а кој се однесува на улогата на Собранието. Некои прашања ќе ги покренам низ текстот што ни е доставен како Предлог за донесување на закон, и тоа ќе се задржам само на прашања кои по мое мислење имаат значење за концептот за уредување на односите.

Членот 6 остава нејасни односи меѓу Собранието и Владата. Ќе се осврнам директно на ставот 2 и 3. Во ставот 2 се вели дека Владата на Република Македонија преку Министерството, во координација со Претседателот на Република Македонија, ги определува општите насоки за

надворешната политика, вклучувајќи ги и прашањата од меѓународните односи, со импликации на безбедноста и одбраната на земјата. И третиот став, општите насоки на надворешната политика определени во ставот 2 на овој член се разгледуваат и утврдуваат во Собранието на Република Македонија. Мислам дека тука треба да се појаснат односите. Владата, дали преку Министерството или преку Министерството и премиерот, Владата секаде во се премиерот ја претставува и никој нема право премиерот да го лиши од уставната позиција да ја претставува, ја претставува и пред претседателот на државата, значи секаде ја претставува премиерот и затоа треба да се подобри овој текст, така што Владата, а Министерството е во Владата, во координација со претседателот на Републиката, Министерството е оној подносителен орган, орган кој и подготвува на Владата каков став да има, ама тоа е подготвителна работа. Владата е таа што е непосредна, премиерот ја претставува Владата, а Владата е таа што ги утвредува тие работи натаму. Затоа тука треба да се разјасни таа работа. Мислам дека тука треба да се подготвуваат предлозите на општите насоки за надворешната политика. Зошто? Во третиот став, третата алинеја стои дека општите насоки на надворешната политика определени во ставот 2 на овој член се разгледуваат и се утврдуваат во Собранието.

Ако вака остане, Собранието и да ги разгледува, ќе му остане правото или да ги утврди, или да не ги утврди. Можеби има да даде само неколку дополнувања или неколку корекции. Затоа тука треба да стои дека Собранието расправа по општите насоки и ги донесува. Тоа е многу јасен однос. Инаку е-земи или остави и настанува голем проблем. Така што Собранието ги донесува општите насоки.

Понатаму недостасува, во улогата на Собранието, она што и госпоѓа Арифи го кажуваШе. Собранието се соочува со можноста, по меѓународните договори само да одлучува дали законот ќе го усвои, или ќе го отфрли. Тоа е неплодна позиција и за Собранието и за државата, јалова позиција. Пред извесно време овде на семинарот слушавме како словенците тоа го уредиле. Тие предвидуваат платформа која ја донесува Владата, за сите преговори, со тоа што таа платформа оди на потврда во работното тело во Собранието и ако има некои предлози и дополнувања, Владата ги зема во предвид. Според тоа секој преговор по поедини прашања, на пример склучување договор на границите или за било што, Владата треба да има платформа и да излезе пред работното тело во Собранието. Еве, земете ги сите овие наши патувања надвор, преговори, разговори, средби, без никој во Собранието да знае зошто се оди таму, кои се целите, не целото Собрание, не пленумот, туку надлежното работно тело, одат, се патува, а дали е сето тоа потребно. Од друга страна никогаш не се знае што работа завршиле. Актерите даваат јавни изјави. Меѓутоа, знаете како е, околу тие јавни изјави доаѓа до таму што дури и еден член на Владата и министер, вели дека не знаел дека така стоеле работите околу приемот во НАТО, па џабе ги дал парите за подготвување. Тој да бил во ситуација за средбите и за разговорите и самиот да разгледува платформа и да учествува во разгледување на платформата, давање сугестии, сега ќе му одговорат, чекај ти, кога одевме таму на разговори ти ги гледаше сите платформи, дури даваше и предлози. Тоа е работата. Така што политиката не е некоја индивидуална игра. Надворешната политика е најмалку тоа, туку е одраз на една утврдена и синхронизирана линија, со процедура утврдена постапка која фактички натаму се следи. Затоа мислам дека овде во законот треба да влезе една одредба дека платформите, особено за преговори, треба да ги разледа Комисијата за надворешна политика. И делегации од Собранието кога одат во билатерални или незнам какви посети, треба да имаат изготвено платформа и тие треба да имаат мислење од Министерството за надворешни работи, да неможат да одат ако МНР дава и во тој момент оценува дека не е потребна таква посета. Ако веќе одат и ако Министерството дало согласност, таа платформа треба да биде разгледана од надлежната Комисија за надворешна политика во Собранието на Република Македонија. Тогаш ќе се воведе ред во нашата надворешна политика. Така таа работа треба да оди и треба да се најде начин тие елементи овде да се стават.

Понатаму сакам да кажам дека можеби е потребно два пати министерот да има обврска да настапува во Собранието, два пати годишно. Тоа е важно од две причини.

Прво, цела година е долга за да се видат резултатите и заклучоците од првиот настап. Од друга страна еднаш годишно обврска е на претседателот да настапи и тој најмногу ќе посвети внимание на надворешната политика. Затоа министерот како повеќе посветен на надворешната политика и дневно упатен, треба да има законска обврска два пати годишно да настапува. Тоа е уште една сугестија.

Второ, мислам дека е добро на овој начин да ги средиме работите и ако зајакне позицијата на Комисијата за надворешна политика, се разбира тука многу мора да се води сметка кои се членови на таа Комисија. Секоја од партиите и од пратеничките групи мора добро да размисли, бидејќи членството во таа Комисија не е за лични промоции и патриотски биења во градите, туку да се демонстрира една, што се вели државничка мудрост, една поткрепа на државната политика, едно дообјаснување на државната политика и интегритет на членот, да може да даде приговор, без оглед кој е тој што отстапува од тоа што било утврдено овде. Така што мислам дека тоа се тие важни работи.

Понатаму мислам дека е важно Министерството да има двајца државни секретари, еден државен

секретар за вработите внатре во Министерството и еден парламентарен секретар, секретар кој ќе биде во дневна врска со Комисијата за надворешна политика, која ќе има зајакнати позиции и ќе гледа така да биде подесена работата да нема непотребни триења меѓу тоа важно парламентарно тело и Министерството, пред се, но и Владата. Мислам дека тоа треба да биде искусен дипломат, посреден. Тоа го имаат повеќето влади во повеќе земји. Тоа искуство е познато и дава многу добри резултати.

Сега на Собранието се однесува и членот 59 каде Собранието ќе се најде во една  ситуација кога можат да се појават разлики помеѓу Владата и претседателот. Тоа е чиленот 14 овде. Тоа е предвидлива ситуација. Таа ситуација е можна. Ние имаме поделена надлежност во извршната власт, во областа на надворешните работи. Тоа предизвикува повремени триења, судири.

Еве да ви кажам, ние пред една недела имавме една изјава на премиерот, дадена во незгодно време и на незгодно место каде бил во партиска посета, дека Македонија ќе биде пофлексибилна во разговорите за надминување на разликите околу името.Имаме сега реакција на претседателот на државата кој вели, не, таа работа нема да биде. Одговарајќи му на Папуљас вели дека дефинитивно Македонија одстапката ја дава со предлогот за двојна формула. Нема друга флексибилност.

Ако се сериозни овие двајца луѓе, различно укажуваат, треба да го известат Собранието по тоа прашање што е политиката на Македонија и треба ли нешто да отстраниме. Зборот на тие луѓе ќе биде ценет ако тие држат до тоа да биде ценет, ако не го даваат случајно и не го даваат за забава на јавноста,туку стојат зад тоа што го велат, тоа го промислиле, аналитичките апарати што им се нарасполагање тоа им го сервирале, анализите укажале дека тоа треба да се каже и така кажале. Сега имаме ние две дијаметрално спротивни кажувања по едно круцијално прашање на она што е надворешна политика. Бидејќи тоа е можно, правилно е внесен овој член 14 и правилно е дека Собранието овде по првиот став расправа. Идејата е, во вториот став се гледа дека  Собранието расправа и одлучува и тоа што ќе го одлучи Собранието има да се применува секаде и тоа ќе биде политика на државата. Тоа го открива суштинскиот елемент на нашето уставно уредување. Овде се гледа дека претседателот на државата на Македонија, без оглед што е избран од граѓаните, има третман само на дел од извршната власт, како и Владата и дека Собранието е тоа кое дефинитивно одлучува во нивните спорови. Тоа е важно да се знае бидејќи на општи избори се избира претседателот, тој не подлежи на одговорност во Собранието. Не е така. Подлежи. Добро, импичмент е тоа, но и опомена може да добие, бидејќи има еден друг став кој вели-Собранието може да побара претседателот да му се обрати по некое прашање од негова надлежност. Според тоа еден дел од оваа проблематика која е практична и видена точно дека може да дојде до неа, не упатува да поразмислиме и кај уставните амандмани, дали ние вештачки не си продуцираме кавги и поделби внатре во државата и не ги делиме натаму субјектите, туку со овој сегашен систем и сегашен начин на избор на претседател и сегашен делокруг на негова активност и негови надлежности. Но, сега е така. Тоа се оние работи што сакав да ги кажам, како да се уредат односите во Собранието и улогата на Собранието во надворешната политика.

Сакам уште нешто да кажам. Овде има, како да каже човек, некои малку несмасни формулации и не е добро да стојат.

Не сакав многу да пишувам по текстот,  тоа е прва верзија.

Во член 10 став 3 вели: "Министерот за надворешни работи расправа со Собранието за главните аспекти и основните избори на надворешната политика". Не може така да биде. Министерот за надворешни работи, го информира Собранието, му предлага на Собранието. Не може тој да расправа со Собранието. Расправаат пратениците. Тој може да земе учество во расправата, ама не со Собранието да расправа. Тоа може да се каже дека министерот за надворешни работи, за главните аспекти и основните избори, а основните насоки што се сега. Тоа нова работа ли е. Имавме основни насоки кои ги утврдува Собранието. Зошто сега и нови основни избори итн, и што значи избори. Тие работи што се повторуваат, а вакви работи има во текстот. Дури има и некои работи кои се преземени од словенечкиот текст а не се точно преведени. Тие работи се нормални, немојте да се секирате за тоа. Не е тоа таков хендикеп на овој закон, да неможе да се дотера. Може да се преправат тие работи и треба да се направи тоа во последната верзија.

Сега сакам само на министерката Митреба да и дадам една сугестија, иако таа сега не е тука. Мислам дека не е законска материја, воспоставување на Совет на амбасадори и дипломатски совет. Тие би требало да се во надлежност на министерот и тој да може да си ги формира со свој акт, особено дипломатскиот совет. Вака прераснуваат во некоја со закон основана институција. Тоа е многу за министерот. Министерот си има изворни овластувања, а со кого ќе се советува, каква форма ќе им даде итн, тоа е друга работа. Ако со закон биде основан и инаугуруран дипломатскиот совет, можеби погрешил министерот, секој член утре може да каже јас сум тоа што сум врз основа на закон, да почне да оспорува некои ставови на министерот. Тоа се недопусливи работи. Не биваат тие работи така. Дипломатски совет ќе си направи министерот. Не може да стои законска обврска дека мора да направи. Тоа е покажана потреба и секој министер знае и сега има или нема, кога им треба тие ги прават овие совети. Амбасадорски совет може некаде да има, но е чудна институција

исто така. Формално, амбасадорите, како велат, некогаш биле тоа слуги на шефот на државата. Тој како свои слуги ги има праќано надвор. Потоа прераснале во негови претставници и сега се претставници. Не е добро министерот да ги институционализира како совет на амбасадори, луѓе кои се пратеници на претседателот на државата. Тоа е една работа.

Втора работа, ќе му биде поефтино да прави регионални советувања, таму да појде тој па да ги собере на едно место, па на друго место и еднаш годишно, сега во ЕУ и сите нејзини членки, сигурно по два пати годишно ќе ги вика, а не на две години. Ќе му биде потребно тоа. Такви овластувања треба да има министерот и немора во законот посебно да се спомнува. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Андов.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(седницата прекина со работа во 18,00 часот)